# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Четврток, 10 февруари 2000 Скопје
Број 9 Год. LVI

Аконтацијата за 2000 година изнесува 7.500 денари. Овој број чини 150 денари. Жиро сметка 40100-603-12498


**182.**

Трагнувајќи од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија, врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија,

Изразувајќи ја цврстата определеност на Република Македонија да ја сподели заедничката европска иднина, соопштена во Одлуката за стапување на Република Македонија во членството на Северноатлантската договорна организација – НАТО и Декларацијата за развој на односите на Република Македонија со Европската унија,

Трагнувајќи од фактот што Пактот за стабилност ги отвора перспективите за реализација на визијата за крајната цел – земјите од Југоисточна Европа целосно да се интегрираат во Европа,

Сметајќи дека во Регионот постојат нерамномерности во економскиот развој и во нивото на политичката демократизација на општествата,

Залагајќи се да се создадат услови на овој регион да не се гледа само како на извор на конфликти,

Трагнувајќи од особеното значење на Република Македонија и нејзината геостратешка положба во Регионот и пошироко, како и со оглед на нејзината мирољубива и конструктивна политика,

Оценувајќи дека стабилноста и безбедноста на Република Македонија се од клучно значење за мирот и стабилноста во Регионот,

Имајќи ги предвид и потсетувајќи едновремено дека Република Македонија со своето однесување докажа дека само нејзината независност и територијалниот интегритет стават точка на чии било „големодржавни“ или „големонационални“ апетити, како причини за конфликти и војни на југот на Балканот,

Потсетувајќи дека Република Македонија уште од самиот почеток му даде целосна поддршка на Пактот за стабилност,

Поздравувајќи го почетокот на работата на телата на Пактот за стабилност, како и досегашните напори во почетното остварување на проектите кои, самостојно или заедно со соседите, беа предложени од Република Македонија,

Имајќи го предвид заклучокот на Министерскиот совет за давање мандат на Европската Комисија за започнување преговори за склучување Спогодба за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската унија,

Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 4 февруари 2000 година, донесе

## РЕЗОЛУЦИЈА ЗА ОДНОСОТ И УЛОГАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПАКТОТ ЗА СТАБИЛНОСТ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Собранието на Република Македонија:

1. Истакнува дека учеството во Пактот за стабилност во Југоисточна Европа го смета за чекор кон членството во Европската унија и НАТО, како стратегиски цели на Република Македонија.

2. Го поддржува Пактот за стабилност, чии основни постулати и нивната реализација треба да ги донесат долгоочекуваната стабилност, забрзаниот економски развој, широката демократизација, безбедност и соработка во целиот регион, што сé заедно ќе придонесе за негова долгорочна стабилизација.

3. Ги прифаќа вредностите и целите на Пактот за стабилност во водењето на внатрешната и надворешната политика на земјата.

4. Ја истакнува подготвеноста за подигање на нивото на односите и соработката на Република Македонија со сите земји во Југоисточна Европа, преку развивање на активностите и процесите предвидени во Пактот за стабилност, а врз рамноправна основа и со доследна имплементација на критериумите на Европскиот совет од Копенхаген 1993 година, од сите земји учесници и земји и меѓународни организации кои го помагаат Пактот за стабилност.

5. Ја подвлекува потребата од доследно спроведување на принципот за вреднување на индивидуалните достигнувања на секоја земја одделно во процесот на интегрирање во Европската унија.

6. Повторно ја потврдува определбата за унапредување на односите со соседните земји, преку рамноправен дијалог, како суштински придонес за стабилноста во Регионот и за унапредување на односите со Европската унија, како и со Европа во целина.

7. Ја истакнува определбата за почитување на меѓународните и европските стандарди за човековите права, граѓанските слободи и националната рамноправност во Република Македонија.

8. Ја истакнува решителноста за засилување на процесот на усогласување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија.

9. Посебно ќе се залага за јавност на процесот на одлучување за односите и натамошната соработка во рамките на работните маси на Пактот за стабилност, како и со Европската унија и за поттикнување на јавното мислење и јавната свест за нив, како во земјава, така во Регионот и пошироко.

10. Го нагласува значењето на меѓусебното информирање на органите на законодавната и извршната власт на Република Македонија за работата и активностите во Пактот за стабилност, како и за нивното влијание во процесот на приближување кон Унијата.

11. Ја изразува готовноста да ја развива и јакне соработката со парламентите на земјите учесници во Пактот за стабилност.

12. Врз основа на потврдената европска и евроатлантска ориентација, како и трајната определба за демократско уредување на внатрешните односи, реформските зафати на сите полиња и активностите кои досега се остварени во регионалната соработка, им порачува на земјите и меѓународните организации, кои учествуваат или го олеснуваат Пактот за стабилност, дека Република Македонија е земја која може да ја поднесе извонредно значајната и одговорна задача да биде централен носител на реализацијата на активностите и процесите, предвидени во Пактот за стабилност.

13. Оваа резолуција ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 07-430/1
4 февруари 2000 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
д-р **Саво Климовски**, с.р.

183

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНВЕСТИЦИОНИТЕ ФОНДОВИ**

Се прогласува Законот за инвестиционите фондови
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 4 февруари 2000 година

Број 07-432/1
4 февруари 2000 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Борис Трајковски, с р

Претседател
на Собранието на Република
Македонија
д р Савo Климовски с р

# ЗАКОН
# ЗА ИНВЕСТИЦИОНИТЕ ФОНДОВИ

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите за основање инвестициони фондови и друштва за управување со инвестиционите фондови и начинот на нивното работење за изборот на депозитна банка и за контрола над нивното работење

Член 2

(1) Зборовите инвестиционен фонд отворен фонд затворен фонд друштво за управување со фондови или други називи што можат да создадат привид дека се работи за некоја од овие форми во називот на фирмата или неговиот додаток смеат да го употребуваат само друштвата за управување со инвестиционите фондови и инвестициони фондови основани во согласност со овој закон и тоа само за означување на предметот на работење и за рекламни цели

(2) Секое физичко и правно лице кое прибира парични средства од инвеститори преку јавен повик за нивно колективно инвестирање во хартии од вредност односно во акции обврзници благајнички записи комерцијални записи државни записи сертификати за депозит и исправи за вложување во заеднички потфат чија цел е стекнување добивка врз основа на претпријемачки напори на други лица независно дали фирмата ги содржи зборовите од став 1 на овој член или други зборови со исто или слично значење ќе се третира како инвестиционен фонд согласно со овој закон

Член 3

Инвестициони фондови и друштва за управување со инвестиционите фондови се основаат со одобрение на Комисијата за хартии од вредност

## II ИНВЕСТИЦИОНЕН ФОНД

*Поим и управување со инвестиционен фонд*

Член 4

(1) Инвестиционен фонд се основа за здружување на парични средства наменети за инвестирање прибрани од инвеститори преку јавен повик со кои за сметка на инвеститорите управува друштво за управување со фондови

(2) Инвестиционен фонд може да се основа како отворен фонд или како затворен фонд.

(3) Инвестиционен фонд основа и со него управува друштво за управување со фондови во согласност со статутот на инвестиционниот фонд и одредбите на овој закон.

*Основање на инвестициониот фонд*

Член 5

(1) Отворен фонд се основа со прибирање парични средства преку јавен повик за продавање на документи за удел.

(2) Затворен фонд се основа со прибирање парични средства преку јавен повик за продавање на акции.

(3) Со јавниот повик јавно се повикува на купување документи за удел во отворен фонд, односно за запишување на акции во затворен фонд .

(4) Содржината на јавниот повик ја утврдува Комисијата за хартии од вредност (во натамошниот текст: Комисијата).

(5) Средствата од ставови 1 и 2 на овој член се вложуваат во хартии од вредност и во парични депозити, со уважување на принципите на профитабилност, ликвидност и поделба на ризикот.

*Статут на фондот*

Член 6

(1) Со статутот на фондот се уредува работењето на инвестициониот фонд, правната положба на сопствениците на документите за удел во отворениот фонд, односно на акционерите во затворениот фонд, правните односи на инвестициониот фонд со друштвото за управување со фондовите и со депозитната банка, како и други прашања од интерес за остварување на целите на фондот.

(2) Комисијата го одобрува статутот на инвестициониот фонд и неговите измени и дополнувања. Комисијата ја донесува одлуката за одобрување на статутот во рок од 60 дена од денот на приемот на комплетното барање за одобрување на статутот, а на неговите измени и дополнувања во рок од 30 дена. Ако Комисијата во тој рок не донесе одлука во врска со барањето за одобрување на статутот, односно на неговите измени и дополнувања, се смета дека тие се одобрени.

(3) Одлуката на Комисијата за одобрување на статутот и на неговите измени и дополнувања се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

(4) Статутот на фондот содржи одредби за:

1. Називот на фондот, фирмата на друштвото за управување со фондот и фирмата на депозитната банка;
2. Целите на фондот;
3. Намената и принципите на вложување на средствата;
4. Видот и главните елементи на документите за удел, односно на акциите;

5. Постапката и условите за издавање и продавање на документите за удели или акции;

6. Правилата за пресметување и за користење на приходите на фондот;

7. Местото каде што може да се добијат финансиските извештаи;

8. Правила за утврдување на нето вредноста на имотот на фондот;

9. Начинот на определување на цените на издавање и продавање на документите за удел, односно на акциите;

10. Начинот на пресметување на износот на надоместоците и трошоците на друштвото за управување со фондовите, депозитната банка или трети лица на товар на имотот на фондот;

11. Правната положба на сопствениците на документите за удел, односно на акционерите;

12. Начинот и местото на исплата на учеството во добивката на сопствениците на документите за удели, односно дивидендата на акционерите;

13. Висината на основната главнина и правата и обврските на друштвото за управување со фондот;

14. Права и обврски на депозитната банка;

15. Начинот и постапката на информирање на сопствениците на документите за удел, односно на акционерите;

16. Делот од уплатите на сопствениците на удели, односно на акции што ќе се користи за покривање на трошоците за издавање документи за удел и за издавање на акции и начинот на пресметување на тие трошоци;

17. Известувањето за развојот на фондот и неговата структура, како и местото и начинот на објавување на тие информации;

18. Начинот на распоредување на добивката на фондот;

19. Можноста за склучување опциски и термински работи и примена на слични инструменти и техники и нивното користење заради намалување на ризикот и

20. Време за кое се основа фондот.

(5) Комисијата може со правила да ја определи поблиската содржина на точките од став 4 на овој член.

*Проспект на фондот*

Член 7

(1) Проспектот на фондот (во натамошниот текст: проспектот), содржи податоци кои се содржани во член 6 на овој закон, детални информации и податоци за целите и

политиката на фондот, како и други информации што се однесуваат на фондот, а што можат да влијаат на одлуката на вложувачот за вложување или невложување во фондот. Содржината на проспектот подетално ја утврдува Комисијата со правила.

(2) Проспектот и неговите измени и дополнувања ги одобрува Комисијата. Комисијата во рок од 60 дена го одобрува проспектот, а неговите измснувања и дополнувања во рок од 15 дена, од денот на поднесувањето на барањето за одобрение. Ако Комисијата во тој рок не се изјасни по проспектот, односно по неговите измени и дополнувања се смета дека истите се одобрени.

(3) Одлуката на Комисијата за одобрување на проспектот и на неговите измени и дополнувања се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

(4) Друштвото за управување со фондовите е должно секоја промена што може да влијае на одлуките на инвеститорите да ја внесе во содржината на проспектот по добиеното одобрение од Комисијата.

(5) Во проспектот се забранува да се внесуваат лажни и неточни податоци кои можат да го доведат инвеститорот во заблуда.

*Финансиски извештаи на фондот*

Член 8

(1) Друштвото за управување со фондовите изготвува и доставува ревидирани годишни финансиски извештаи за секој фонд со кој управува.

(2) Друштвото за управување со фондовите, доставува до Комисијата и до вложувачите на фондот ревидирани годишни финансиски извештаи за секој фонд со кој управува во рок од три месеци од усвојување на завршната сметка на фондот.

(3) Еден ревизор или ревизорско друштво може да изготви четири едноподруго финансиски извештаи за еден инвестиционен фонд. Еден ревизор или ревизорско друштво во текот на една календарска година може да изготви финансиски извештај само кај три фонда.

(4) Друштвото за управување со фондовите, подготвува и квартални финансиски извештаи за секој фонд, со кој управува и истите ги доставува на Комисијата и до вложувачите на фондот во рок од два месеци од изминување на кварталот.

(5) Комисијата составува листа на овластени ревизори кои можат да вршат ревизија на финансиските извештаи на инвестициониот фонд и на друштвото за управување со фондовите.

*Содржина на финансиските извештаи на фондот*

Член 9

(1) финансиските извештаи содржат податоци за:

1. Состојбата на имотот на фондот:
   - хартиите од вредност,
   - паричните депозити,
   - другиот имот,
   - вкупниот имот,
   - обврските и
   - нето-вредноста на имотот.

2. Бројот на документите за удел, односно на акциите;

3. Вредноста на поединечниот удел, односно акцијата;

4. Структурата на портфолиото на хартиите од вредност:

хартиите од вредност кои котираат на берзата за хартии од вредност,
хартиите од вредност со кои се тргува на некој друг регулиран пазар и
новите емисии на хартии од вредност, ако условите за нивно издавање содржат обврска за поднесување барање за вклучување на хартиите од вредност на некоја берза, пазар на пари или на некој друг регулиран пазар;

5. За секој вид хартија од вредност се наведува нејзиното учество во вкупниот имот на фондот и податоци за промената во составот на портфолиото на хартии од вредност за периодот на кој се однесува извештајот;

6. Промените во приходите и расходите на фондот за периодот за кој се однесува извештајот:

- приходите од вложувања,
- други приходи,
- трошоците за управување,
- трошоците за депозитната банка,
- други трошоци и давачки,
- нето-приход,
- исплати на добивка на сопствениците на документите за удел или дивиденда на акционерите, како и повторно вложената добивка и
- други промени кои се однесуваат на имотот и обврските на фондот.

7. Компаративен преглед на работењето во последните три години, при што за крајот од секоја деловна година се наведува:

- вкупната нето-вредност на портфолиото,
- нето-вредноста на поединечниот удел и
- пазарната вредност на акциите на затворениот фонд.

8. Други податоци и информации кои им овозможуваат на вложувачите целосно запознавање со вистинската состојба, развојот на дејноста и резултатите на фондот.

(2) Комисијата со посебни правила може да предвиди дополнителни информации кои се составен дел од годишните финансиски извештаи. Годишните финансиски извештаи се изготвуваат во согласност со меѓународните сметководствени стандарди.

*Обврска за известување*

Член 10

Друштвото за управување со фондовите, поднесува извештај до Комисијата за секоја промена што значајно би влијаела врз одлуката за инвестирање на инвеститорот, во рок од три дена од настанувањето на промената. Извештајот треба да се достави до вложувачите на фондот во исто време кога се доставува и до Комисијата.

*Врачување на проспект и финансиски извештаи*

Член 11

На вложувачот кој има намера да купи документи за удел или да запише и купи акции бесплатно му се дава проспектот, најмалку седум дена пред намерата за запишување или купување, како и годишниот финансиски извештај заверен од овластен ревизор, кварталните извештаи на фондот што се објавени по објавување на проспектот и сите извештаи за настанатите промени по изготвувањето на проспектот, согласно со член 10 на овој закон. Доколку промените наведени во членот 10 на овој закон настанат по доставување на проспектот, вложувачите добиваат и извештај што се однесува на настанатата промена.

*Имот на фондот*

Член 12

(1) Имотот на фондот се состои од хартии од вредност, парични депозити и други средства.

(2) Со хартиите од вредност се тргува во согласност со Законот за издавање и тргување со хартии од вредност.

(3) Имотот на фондот се стекнува во согласност со одредбите на овој закон и статутот на фондот.

*Хартии од вредност во кои вложува фондот*

Член 13

Хартиите од вредност во кои вложува фондот се состојат од:

1. Хартии од вредност кои котираат или со нив се тргува на берза, или се продаваат на пазар на пари или на друг регулиран пазар и

2. Хартиите од вредност од новите емисии, ако условите за нивно издавање содржат обврска за поднесување барање за вклучување на хартиите од вредност на некоја берза, пазар на пари или на некој друг регулиран пазар.

*Ограничувања на вложувањата*

Член 14

(1) Во хартии од вредност на еден издавач, фондот не смее да вложува повеќе од 20% од вредноста на неговиот имот. По исклучок, фондот може, без ограничување да инвестира во должнички хартии од вредност на Република Македонија.

(2) Фондот може да стекнува најмногу до 20% од вкупниот број издадени акции на еден издавач.

(3) Фондот може да стекнува најмногу до 15% од вкупната номинална вредност на должничките хартии од вредност издадени од еден издавач.

(4) Фондот не може да инвестира повеќе од 15% од вкупниот број на акции издадени од еден издавач и повеќе од 10% од вкупната номинална вредност на должничките хартии од вредност издадени од еден издавач.

(5) Депозитите во банки и други парични средства на фондот можат да изнесуваат најмногу до 25% од вредноста на имотот на фондот.

(6) Фондот не смее да инвестира во хартии од вредност издадени од избраната депозитна банка или филијали на странска депозитна банка, како и во депозитни средства од тие институции.

(7) Фондот не смее да инвестира во хартии од вредност издадени од други фондови.

(8) Фондот може да го надмине максимумот предвиден со став 4 на овој член при одредени пазарни нарушувања со одобрение на Комисијата, но обврзан е да го воспостави истиот откако повторно ќе се воспостават нормални пазарни услови.

(9) Фондот може да го надмине максимумот предвиден со став 5 на овој член за период од четири месеци од неговото формирање.

(10) Комисијата со посебни правила ќе ги уреди условите и постапката за начинот на усогласување на ограничувањата на вложувањата во случаите на спојување и припојување на два или повеќе фондови, или спојување и припојување на два или повеќе издавачи во кои фондот има инвестирано средства.

*Задолжување на фондот*

Член 15

Инвестиционен фонд, заради задоволување на своите ликвидни потреби може краткорочно да се задолжува до 5% од вредноста на неговиот имот, а за задолжувања повисоки од 5% одобрение издава Комисијата.

*Пресметување на вредноста на имотот на фондот*

Член 16

Вредноста на имотот на фондот ја пресметува депозитната банка врз основа на вредноста на неговите хартии од вредност и депозитите во финансиските институции, како и вредноста на другата актива, по одбивање на обврските, согласно со методологијата за процена пропишана од страна на Комисијата.

*Задолжителни објавувања*

Член 17

(1) Друштвото за управување со фондовите е должно за секој фонд со кој управува во еден дневен весник да ги објави:

1. Јавниот повик;
2. Годишните финансиски извештаи на фондот, во рок од еден ден од нивното доставување до Комисијата;
3. Дневната нето-вредност на имотот на фондот и на поединечниот удел во фондот и
4. Без одлагање прекинот на откупот на документите за удел и на нивната исплата.

(2) Дневната продажна и откупна цена и тоа последната и просечната продажна цена на документите за удел во случај на отворен фонд или на акциите во случај на затворен фонд, се објавува на берзата за хартии од вредност.

(3) Друштвото за управување со фондовите е должно редовно, а најмалку два пати месечно, во еден дневен весник да ги објави цените на издавањата и откупот на документите за удели во фондот со кој управува.

(4) Прекинот на откупот на документите за удели и на нивната исплата, друштвото за управување со фондовите е должно без одлагање да го објави и во "Службен весник на Република Македонија".

## III. ОТВОРЕН ФОНД

*Поим*

Член 18

(1) Отворен фонд претставува посебен имот, без својство на правно лице, чии сопственици на документи за удел имаат право на сразмерен дел во добивката во фондот и право да бараат откуп на документите за удел.

(2) Отворениот фонд се регистрира во регистарот на Комисијата и стекнува деловна способност од денот на уписот во регистарот на Комисијата.

*Основање на отворен фонд*

Член 19

(1) За основање отворен фонд, друштвото за управување со фондовите донесува статут, изготвува јавен повик и проспект на фондот и склучува договор со депозитна банка во согласност со одредбите на овој закон.

(2) Друштвото за управување со фондовите, до Комисијата, поднесува барање за добивање одобрение за основање на отворен фонд, кое содржи:

1. Назив и седиште на друштвото за управување со фондовите;
2. Име на отворениот фонд и
3. број и датум на издаденото одобрение од Комисијата за основање на друштвото за управување со фондовите.

(3) Кон барањето од став 2 на овој член се приложува:

1. Статут, јавен повик и проспект на фондот;
2. Договор на друштвото со депозитната банка;
3. Документи за исполнување на условите за работење на друштвото за управување со фондовите согласно со одредбите на овој закон;
4. Спесимен на документот за удел и
5. Доказ за уплатен надоместок за добивање одобрение за основање на фондот.

(4) Друштвото за управување со фондовите може да започне со прибирањето на парични средства преку јавна продажба на документи за удел по добивањето на одобрението за основање на фондот.

(5) Одобрението за основање на отворен фонд, Комисијата го објавува во "Службен весник на Република Македонија".

*Статут на отворениот фонд*

Член 20

Покрај одредбите од член 6 на овој закон, статутот на отворениот фонд ги содржи:

1. Висината на дозволените трошоци кои се одбиваат при купувањето на документите за удел и при нивниот откуп и
2. Условите и местото на исплата на документите за удел при нивниот откуп.

*Проспект на отворениот фонд*

Член 21

Покрај податоците од член 7 на овој закон, проспектот на отворениот фонд содржи податоци за:

1. Постапката и условите за откуп и исплата на документите за удел и условите под кои може да се запре нивниот откуп и исплата;
2. Утврдувањето на цената на документите за удел при нивниот откуп;
3. Трошоците на откупот и исплатата на документите за удел;
4. Начинот, местото и динамиката на објавување на цените и трошоците и
5. Постапката и местото на исплата на документите за удел при нивниот откуп.

*Права и обврски на сопствениците на документи за удел*

Член 22

(1) Со купувањето на документите за удел, сопственикот на документот за удел станува сопственик на сразмерен дел на имотот на фондот.

(2) Со документот за удел се гарантираат правата на сопственикот на документот за удел спрема фондот. На сопственикот, документот за удел му ги обезбедува следниве права:

1. Сразмерно учество во нето добивката на фондот;
2. Откуп на документот за удел од страна на друштвото, на барање на сопственикот и
3. Право на сразмерно учество во остатокот на ликвидационата маса на фондот.

(3) Документот за удел е непренослив, освен во случаите утврдени со закон.

(4) Документите за удел можат да се издаваат за еден или повеќе удели во ист фонд и мора да го опфаќаат целокупниот имот на фондот. Со документите за удел во фондот не смее да се даваат различни права на одделни сопственици.

(5) Одговорноста на сопствениците на документите за удел во фондот е ограничена до вредноста на уделите кои тие ги поседуваат. Друштвото за управување со фондовите не смее да презема обврски во име на сопствениците на документи за удел во фондот.

*Содржина на документот за удел во фондот*

Член 23

Документот за удел во фондот содржи:

1. Ознака дека е удел во отворен фонд;

2. Назив на фондот, фирма и седиште на друштвото за управување со фондовите;

3. Сериски број на документот за удел;

4. Број на удели на кои гласи документот за удел;

5. Име на сопственикот на документот за удел и ознака дека документот е неприносив;

6. Обврски на друштвото за управување со фондовите;

7. Права на сопственикот на документот за удел;

8. Место и датум на издавање на документот за удел и

9. Потписи на овластените лица на друштвото за управување со фондовите и на депозитната банка.

*Издавање на документи за удел*

Член 24

(1) Друштвото за управување со фондовите издава документи за удел по добивањето на одобрение од Комисијата за основање на фондот.

(2) Продажната цена на документите за удел го содржи и износот за покривање на трошоците за издавање на документот за удел утврдени со статутот.

(3) Документите за удел можат да се продаваат само за парични средства.

(4) Документите за удел се врачуваат по уплатата на полната продажна цена. Паричните средства, по одбивањето на трошоците од став 2 на овој член, без одлагање се внесуваат во имотот на фондот. Ако документите за удел се издадени, а вредноста не е внесена во имотот на фондот, друштвото за управување со фондовите е должно да го надомести износот што недостасува.

(5) Друштвото за управување со фондовите е должно да води евиденција на издадените документи за удели.

*Откуп на документот за удел во фондот*

Член 25

(1) Секој сопственик на документ за удел има право да бара откуп на документот и на тој начин да истапи од фондот. Цената што одговара на вредноста на уделот мора да се исплати без одбитоци, ако такви не се изрично предвидени со статутот на фондот.

(2) Документите за удел во отворениот фонд се откупуваат според цената што одговара на вредноста на уделот утврдена првиот наредени ден на процена по поднесувањето на барањето за откуп на документот за удел.

(3) Друштвото за управување со фондовите може привремено да го прекине откупот на документите за удел, заради заштита на интересите на сопствениците на документите за удел во фондот. Додека трае прекинот на откуп на документи за удел, друштвото за управување со фондовите не смее да издава нови документи за удел. Прекин на откуп на документите за удел, друштвото за управување со фондовите може

да изврши по добивање на согласност од Комисијата и за истиот писмено да ги извести сопствениците на документи.

(4) Комисијата може да му наложи на друштвото за управување со фондовите да го прекине откупот на документите за удел и привремено да го забрани издавањето нови документи за удел, ако тоа е во интерес на заштита на интересите на сопствениците на документи за удели во фондот.

(5) Сопствениците на документите за удел не можат да го користат правото на откуп на документ за удел во рок од една година од денот на објавувањето на првиот јавен повик за купување на документи за удел во фондот, освен во оправдани случаи утврдени со статутот на фондот.

(6) Друштвото за управување со фонодвите е должно да го исплати документот за удел во фондот, најдоцна седум дена по примањето на барањето за откуп на документот.

*Расподелба на добивката на фондот*

Член 26

(1) Добивката на фондот, по налог на друштвото за управување со фондовите, депозитната банка им ја исплатува на сопствениците на документите за удел сразмерно на нивното учество во имотот на фондот. Добивката се исплатува на начин утврден со статутот на фондот.

(2) Врз основа на писмено барање на сопствениците на документи за удел добивката, односно дел на добивката може автоматски да се реинвестира.

*Престанување на управување и распуштање на фондот*

Член 27

(1) Друштвото за управување со фондовите може да го откаже управувањето со фондот со отказен рок од шест месеци. Рокот почнува да тече од денот кога отказот е објавен во "Службен весник на Република Македонија". Друштвото за управување со фондовите е должно за отказот писмено да ги извести сите сопственици на документи за удел во фондот.

(2) Правото на друштвото за управување со фондот, покрај во случаи утврдени со закон, престанува и кога Комисијата ќе го укине одобрението за работење на друштвото за управување со фондовите.

(3) Ако друштвото за управување со фондовите престане да работи, депозитната банка во име на сопствениците на документите за удел го раскинува договорниот однос со друштвото.

(4) Со одобрение на Комисијата, депозитната банка има право на раскинување и во други случаи, ако друштвото за управување со фондовите не е во состојба да ги исполнува своите обврски, а особено:

1. Ако во рок од три месеци по објавувањето на првиот јавен повик за купување на документи за удел во отворениот фонд не се собрани и уплатени парични средства во вкупен износ од најмалку 2.000.000 ДЕМ во денарска противвредност и

2. Ако вредноста на имотот на отворениот фонд во временски периоди со вкупно траење од шест месеци била под 2.000.000 ДЕМ во денарска противвредност.

(5) Ако друштвото за управување со фондовите со отказот или со укинувањето на одобрението го изгуби правото за управување со фондот, правото на располагање со имотот на фондот преминува на депозитната банка до пренос на фондот во друго друштво за управување во рок од шест месеци.

(6) Во случаите од ставовите од 1 до 4 на овој член, депозитната банка е должна во рок од шест месеци од денот на раскинување на договорот да го распушти фондот и имотот да им го подели на сопствениците на документите за удел. Во истиот рок, со одобрение на Комисијата, депозитната банка може да се откаже од распуштањето на фондот и во согласност со статутот на фондот правото на управување со него да го пренесе на друго друштво за управување со фондовите.

(7) Сопствениците на документите за удел немаат право да бараат распуштање на фондот.

*Објавување на одлуката за распуштање на фондот и правни последици*

Член 28

(1) Депозитната банка е должна без одлагање да ја објави одлуката за распуштање на фондот во "Службен весник на Република Македонија" и во еден дневен весник и за тоа писмено да ги извести сите сопственици на документите за удел.

(2) Од денот на објавувањето на одлуката за распуштање на фондот сопствениците на документи за удел во фондот немаат право да бараат исплата на уделот со откуп на документите за удел.

(3) Од денот на донесувањето на одлуката за распуштање на фондот се забранува издавање на нови документи за удел во фондот.

*Претворање на имотот во пари и негова распределба*

Член 29

По донесувањето на одлуката за распуштање на отворениот фонд, депозитната банка го претвора целокупниот имот на фондот во пари. Од паричните средства, депозитната банка му ги исплатува на друштвото за управување со фондовите трошоците за управување со фондот и ги надоместува сопствените трошоци во врска со распуштањето на фондот, кои збирно не можат да надминат повеќе од 2% од наплатениот износ, а остатокот им го исплатува на сопствениците на документите за удел во фондот, сразмерно на уделот во имотот на фондот на кој тие гласат. Начинот на кој се врши распределбата на паричните средства го контролира и го одобрува Комисијата.

## IV. ЗАТВОРЕН ФОНД

*Поим*

Член 30

(1) Затворен фонд е акционерско друштво, кое се основа за прибирање парични средства преку јавен повик за продавање на сопствени акции и вложување на тие средства во хартии од вредност.

(2) На затворениот фонд се применуваат одредбите на Законот за трговските друштва ако со овој закон поинаку не е уредено.

*Основање на затворен фонд*

Член 31

(1) Затворен фонд основа и со него управува друштвото за управување со фондовите.

(2) За основање на затворен фонд, друштвото за управување со фондовите донесува статут, изготвува јавен повик и проспект на фондот и склучува договор со депозитната банка во согласност со одредбите на овој закон.

(3) Друштвото за управување со фондови, до Комисијата, поднесува барање за добивање одобрение за основање на затворен фонд, кое содржи:

1. Фирма и седиште на друштвото за управување со фондовите;

2. Фирма и седиште на затворениот фонд;

3. Број и датум на издаденото одобрение од Комисијата за основање на друштвото за управување со фондовите;

4. Лично име, место на живеење, државјанство и единствен матичен број на физичките лица, кои се први членови на надзорниот одбор на затворениот фонд и

5. Опис на квалификации на лицата кои се членови на надзорниот одбор и на сите директори во затворениот фонд.

(4) Кон барањето од став 3 на овој член се приложуваат:

1. Статут на фондот;

2. Јавен повик и проспект на фондот;

3. Одлука за именување на членовите на првиот надзорен одбор и писмените изјави на членовите на првиот надзорен одбор за прифаќање на именувањето;

4. Договорот со депозитната банка;

5. Извод од трговскиот регистар на друштвото за управување со фондовите;

6. Спесимен на акциите или потврдите за акции, согласно со Законот за издавање и тргување со хартии од вредност и обрасците за запишување;

7. Доказ за уплатен надоместок за добивање одобрение за основање на фондот и

8. Други документи, доколку на Комисијата ѝ се потребни за одлучување.

(5) Одобрението за основање на затворен фонд, Комисијата го објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Член 32

Комисијата за хартии од вредност дава одобрение за основање на затворен фонд, врз основа на елементите пропишани во член 31 ставовите 3 и 4, во зависност од понудата и побарувачката на финансиски средства, како и потребата за основање на затворениот фонд.

*Статут на затворениот фонд*

Член 33

Покрај одредбите од член 6 на овој закон, статутот на затворениот фонд содржи и одредби :

1. Во називот на фондот да е содржана ознаката "затворен фонд" ;

2. За пренесување на правото на управување со затворениот фонд и правото на глас од акциите и другите права кои произлегуваат од имотот на затворениот фонд на друштвото за управување со фондовите и

3. За начинот на работа на надзорниот одбор на фондот.

*Основна главнина на затворениот фонд*

Член 34

(1) Најниската номинален износ на основната главнина на затворениот фонд изнесува 2.000.000 ДЕМ во денарска противвредност.

(2) Затворениот фонд е должен да ја одржува основната главнина од став 1 на овој член.

(3) Затворениот фонд може да ја зголеми основната главнина преку нова емисија на акции, врз основа на одобрение на Комисијата.

*Акции на затворениот фонд*

Член 35

(1) Акциите на затворениот фонд се обични акции неограничено преносливи.

(2) Акциите на затворениот фонд се плаќаат со парични средства и мораат да бидат уплатени во целост пред упис на затворениот фонд во трговскиот регистар.

(3) Затворениот фонд не смее да стекнува сопствени акции.

(4) Акциите издадени спротивно на став 1 на овој член се ништовни. Секоја правна работа со која затворениот фонд стекнал сопствени акции е без правно дејство.

(5) Цената на акциите по основањето на затворениот фонд зависи од односот меѓу понудата и побарувачката за нив и се утврдува на берза или на друг регулиран пазар.

*Запишување на акции на затворениот фонд*

Член 36

(1) Запишувањето на акции врз основа на јавен повик не смее да започне пред Комисијата да издаде одобрение за основање на затворениот фонд.

(2) Запишувањето и уплатата на акции се врши кај депозитна банка.

(3) При запишувањето на акциите, запишувачот дава изјава:

1. Дека е запознаен и согласен со статутот и со проспектот на затворениот фонд и

2. Дека ја овластува депозитната банка во негово име и за негова сметка да ги чува неговите акции и да ги врши правата што поризлегуваат од нив.

(4) Доколку затворениот фонд при основањето претрпи штета од страна на запишувач кој нема да ги плати запишаните акции, за таквата штета одговара друштвото за управување со фондовите.

(5) Акциите на затворениот фонд се евидентираат во книга на акции, согласно со Законот за издавање и тргување со хартии од вредност, односно во централен регистар на акции.

*Трошоци за основање на затворениот фонд*

Член 37

(1) Со статутот на затворениот фонд може да се утврди дека друштвото за управување со фондовите има право на надоместување на трошоците за основањето на фондот од имотот на затворениот фонд, но најмногу до износ од 2% од вредноста на основната главнина.

(2) Во случаите од став 1 на овој член со статутот на фондот може да се утврди дека трошоците за основањето на фондот ќе му бидат надоместени на друштвото со вклучување на трошоците во продажната цена на акциите на фондот.

*Управување со затворениот фонд*

Член 38

(1) Со затворениот фонд, во негово име и за негова сметка управува друштвото за управување со фондовите, согласно со одредбите на овој закон и статутот на затворениот фонд.

(2) Затворениот фонд има Надзорен одбор и Собрание.

(3) Надзорниот одбор брои најмалку три члена. Членовите на Надзорниот одбор ги избира Собранието на друштвото за управување со фондовите како истакнати стручњаци. Член на надзорен одбор не може да биде член на управен или надзорен одбор на друштвото за управување со фондовите, или на депозитната банка или вработен во нив, ниту лице кое е вработено, или е во органите на управување во друго друштво за управување со фондовите или во друг фонд, како и лица кои се членови на повеќе од два надзорни одбора.

*Известувања*

Член 39

(1) Друштвото за управување со фондовите задолжително најмалку еднаш месечно го известува надзорниот одбор на затворениот фонд, за купените и продадените хартии од вредност во име и за сметка на фондот, како и за приходите на фондот.

(2) По барање од надзорниот одбор на затворениот фонд, друштвото за управување со фондовите е должно да дава известувања и за состојбата на пазарот на хартии од вредност и за други околности кои се битни за оцена на политиката на вложувања.

*Распределба на добивката*

Член 40

(1) Друштвото за управување со фондовите му предлага на Собранието на затворениот фонд, распределба на дивидендата на фондот и во согласност со одлуката на

Собранието дава налог до депозитната банка за исплата на дивидендата на акционерите на затворениот фонд.

(2) Дивидендата се исплатува во согласност со статутот на фондот и одлуката на Собранието на затворениот фонд.

*Отказ и ликвидација*

Член 41

(1) Друштвото за управување со фондовите може да го откаже управувањето со фондот, со отказен рок од шест месеци. Во истиот отказен рок управувањето со фондот може да го откаже и Собранието на затворениот фонд. Отказите имаат правно дејство од денот кога по предлог на Надзорниот одбор на затворениот фонд, Комисијата ќе издаде одобрение на друго друштво за управување со фондовите да управува со затворениот фонд.

(2) Правото на друштвото за управување со фондот престанува и со денот на ликвидација на друштвото за управување со фондовите и со денот на конечноста на решението на Комисијата со кое се укинува одобрението за работење на друштвото за управување со фондовите.

(3) Во случаите од став 2 на овој член, правата на управување и располагање со имотот на затворениот фонд, преминуваат на депозитната банка до пренос на фондот во друго друштво за управување во рок од шест месеци.

(4) Друштвото за управување со фондовите мора во рок од седум дена од приемот на одлуката со која Комисијата му го укинала одобрението за управување со затворениот фонд, односно од денот на ликвидацијата на друштвото за управување со фондовите, сите работи во врска со управувањето со имотот на фондот да ги пренесе на депозитната банка.

(5) Собранието на затворениот фонд може да одлучи да го пренесе правото на управување со фондот на друго друштво за управување со фондовите, со отказен рок од шест месеци.

(6) Ако друштвото за управување со фондовите од став 5 на овој член не поднесе барање за издавање одобрение за управување, депозитната банка поднесува до надлежниот суд предлог за отворање постапка за ликвидација на затворениот фонд.

## V. ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ФОНДОВИТЕ

*Поим*

Член 42

(1) Друштво за управување со фондовите е акционерско друштво, согласно со Законот за трговските друштва, чиј единствен предмет на работење е основање и управување со фондовите, во свое име и за сметка на сопствениците на документите за удели на отворените фондови и во име и за сметка на акционерите на затворените фондови.

(2) Едно друштво може да управува со повеќе фондови.

*Статут на друштвото*

Член 43

(1) Статутот на друштвото за управување со фондовите, освен одредбите од Законот за трговските друштва за статутот содржи и одредби за:

- начин на вложување на сопствен имот,
- основање и управување со фондови, во свое име и за сметка на отворениот фонд или во име и за сметка на затворениот фонд и
- други работи.

(2) Статутот на друштвото за управување со фондовите, Комисијата го одобрува во рок од 60 дена, а неговите измени и дополнувања во рок од 30 дена. Ако Комисијата во тој рок не донесе одлука во врска со барањето за одобрување на статутот, се смета дека тој е одобрен.

*Одобрение за основање на друштвото*

Член 44

(1) Друштвото за управување со фондовите се основа по добивањето на одобрение од Комисијата. Комисијата на друштвото му издава одобрение за основање ако друштвото ги исполни следниве услови:

1. Основната главнина уплатена во моментот на поднесувањето на барањето да изнесува најмалку 500,000 ДЕМ во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата ако друштвото управува со еден фонд. Доколку друштвото за управување со фондовите се основа за управување со повеќе фондови, основната главнина се зголемува за по 250.000 ДЕМ во денарска противвредност за секој нареден фонд;

2. Да ги исполнува поблиските услови за кадровска, техничка и организациона оспособеност за работа утврдени од Комисијата;

3. Членовите на управниот орган да имаат согласност од Комисијата за управување и раководење со друштвото. Член во управен орган на друштвото и вработено лице во друштвото не може да биде лице:

   осудено за кривично дело: предизвикување лажен стечај; повреда на обврската за водење на деловни книги; оштетување на доверителите; давање погодности на доверителите; злоупотреба во постапката на присилно поравнување или стечај; неовластено откривање или прибавување на деловна тајна или измама; за време од пет години по правосилноста на пресудата со која е осудено; во кое време не се смета времето поминато на издржување на казната или

   против кое е изречена мерка за безбедност: забрана за вршење на дејност што е предмет на работење на друштвото, додека трае забраната.

4. Да има статут на друштвото;

5. Да има именуван овластен ревизор и

6. Да има уплатено надомест за добивање одобрение од страна на Комисијата.

(2) По барањето за одобрение за основање, Комисијата одлучува во рок од 60 дена од денот на приемот на комплетното барање. Комисијата за хартии од вредност дава одобрение за основање на друштвото, ценејќи ги елементите наведени во

елаборатот за основање, понудата и побарувачката на финансиски средства, како и потребата за основање на друштвото. Ако Комисијата во тој рок не донесе одлука за одобрение за основање, се смета дека барањето е одобрено.

(3) Друштвото за управување со фондовите е должно да почне со работа во рок од шест месеци од денот на добивање на одобрението за основање од Комисијата.

*Работење на друштвото*

Член 45

(1) Друштвото е должно работењето со имотот на фондот да го води со внимание на добар стопанственик, независно од депозитната банка и исклучиво во интерес на сопствениците на уделите во фондот, односно акционерите, врз основа на статутот на фондот и одредбите на овој закон.

(2) Основачите на друштвото, членовите на управниот орган и надзорниот одбор на друштвото и вработени во друштвото, или лица кои за друштвото вршат постојани или повремени работи врз основа на посебен договор, не смеат да вршат работи за други друштва и се должни да ја чуваат тајноста за работите на друштвото, во согласност со закон и статутот на друштвото.

(3) Податоците за сопствениците на документи за удели и на акции, уплатите и исплатите се деловна тајна и можат да се соопштуваат само врз основа на судски налог.

(4) Одредбите од ставови 2 и 3 на овој член не се однесуваат на обврските на друштвото за давање податоци и известувања на Комисијата за вршење на контрола врз работењето на друштвото, на давањето податоци на централната депозитна институција, заради евидентирање на акциите и во други случаи утврдени со закон.

*Водење и прикажување на имотот на друштвото*

Член 46

(1) Имотот на друштвото задолжително се држи и се прикажува одвоено од имотот на фондот со кој управува.

(2) Во случај на престанок на друштвото за управување со фондовите, со средствата и правата што му припаѓаат на инвестициониот фонд, располагаат инвеститорите преку депозитната банка.

(3) Долговите на друштвото за управување со фондовите што произлегуваат од финансиските трансакции сврзани со сопствениот имот на друштвото, не можат да се намируваат од средствата на инвестициониот фонд.

*Право на располагање со имотот и ограничувања*

Член 47

(1) Друштвото располага со имотот на отворениот фонд во свое име и за негова сметка, и со имотот на затворениот фонд во негово име и за негова сметка, во согласност со одредбите на овој закон и статутот на фондот, и ги остварува сите права што произлегуваат од нив, со следниве ограничувања:

1. Друштвото не смее за сметка на сопствениците на документите за удел во отворениот или на акционерите во затворениот фонд да одобрува парични заеми, ниту да презема гарантни договорни обврски;

2. Стварите кои припаѓаат на имотот на фондот не смеат да се заложуваат или на некој друг начин да се оптоваруваат, ниту смее да се пренесува правото на сопственост врз нив со цел за обезбедување на побарувањата на доверителите. Правните работи спротивни на оваа одредба се без правно дејство спрема сопствениците на документите за удели на отворениот фонд, односно спрема акционерите на затворениот фонд и

3. Друштвото не смее за сметка на сопствениците на документите за удели на отворениот фонд, ниту во име и за сметка на акционерите во затворениот фонд, да продава хартии од вредност, ако хартиите од вредност во моментот на склучувањето на зделката не влегуваат во имотот на фондот.

(2) Трансакцијата извршена спротивно на став 1 точка 3 од овој член се смета за ништовна.

(3) Лицата од член 45 став 2 на овој закон не можат да купуваат имот на фондот кој, за сметка на фондот, го продава друштвото за управување со фондовите.

*Настапување на друштвото во правниот промет*

Член 48

(1) Друштвото во правниот промет настапува во свое име и за сметка на сопствениците на документите за удел во отворениот фонд и во име и за сметка на акционерите во затворениот фонд.

(2) Правото на глас од акциите и од другите права кои произлегуваат од хартиите од вредност во портфолиото на фондот ги остварува исклучиво друштвото.

(3) Побарувањата по основа на трошоци за вршење на работи за сметка на сопствениците на документите за удел во отворениот фонд и за сметка на затворениот фонд, друштвото ги намирува од имотот на фондот во согласност со одредбите на статутот на фондот.

(4) Износот на трошоците од став 3 на овој член задолжително се објавува во проспектот на секој одделен фонд.

(5) Друштвото е должно да ги остварува побарувањата на сопствениците на документи за удели на отворениот фонд и во име на акционерите на затворениот фонд кон депозитната банка.

*Одговорност на друштвото*

Член 49

(1) Друштвото е одговорно за вршењето на дејноста на управување со фондот во согласност со одредбите на овој закон и статутот на фондот. Друштвото одговара за штетата причинета на сопствениците на документи за удел во отворениот фонд, односно на акционерите во затворениот фонд, за дејствување спротивно на одредбите на овој закон и на статутот на фондот.

(2) Друштвото со целокупниот свој имот одговара за правните работи склучени во свое име и за сметка на сопствениците на документи за удел во отворениот фонд и за правните работи склучени во име и за сметка на акционерите во затворениот фонд.

(3) Трети лица не можат од имотот на фондот да намируваат свои побарувања кон друштвото.

*Ограничување на вложувањата на друштвото*

Член 50

(1) Друштвото не смее ниту директно, ниту индиректно да стекнува документи за удел во отворен фонд со кој управува.

(2) При основањето на затворен фонд, друштвото може да уплати акции на затворениот фонд. Висината и начинот на уплатата на акции на друштвото во затворениот фонд се регулира со правила што ги донесува Комисијата. По основањето на фондот друштвото не смее да стекнува нови акции на затворениот фонд.

(3) Друштвото не смее да ги продава акциите од став 2 на овој член додека управува со тој затворен фонд.

*Трошоци на управувањето со фондот*

Член 51

(1) На товар на имотот на фондот можат да се засметуваат следниве трошоци:

1. Надоместок за управување;
2. Надоместок на депозитната банка и евентуално на други лица;
3. Трошоци во врска со стекнувањето и продажбата на ствари од имотот на фондот;
4. Трошоци за објавувања;
5. Трошоци на печатење на документи за удел и на обрасци за запишување акции;
6. Трошоци на издавање на документи за удел и акции;
7. Трошоци на откуп и исплата на документи за удел и
8. Други трошоци утврдени со статутот на фондот.

(2) Надоместокот за управување од став 1 точка 1 на овој член може да изнесува годишно најмногу до 2% од вкупната вредност на имотот на фондот, а трошоците на издавање од став 1 точки 6 и 7 на овој член најмногу до 5% од вредноста на уделите и акциите.

## VI. ДЕПОЗИТНА БАНКА

*Поим*

Член 52

(1) Депозитна банка е банката што ја избира друштвото за управување со фондовите и која врз основа на договорот со друштвото за управување со фондовите и по негов налог, ги врши работите од член 53 на овој закон.

(2) Депозитни банки на инвестиционите фондови можат да бидат банки со седиште на територијата на Република Македонија или филијали на странски банки.

(3) Банка која е основач на друштво за управување со фондовите не може да биде депозитна банка на тоа друштво.

(4) Изборот на депозитната банка и секоја промена подлежи на одобрение од Комисијата по претходно прибавена согласност за банката од Народната банка на Република Македонија. Договорот склучен меѓу друштвото за управување со фондовите и депозитната банка и неговите измени и дополнувања влегуваат во сила од денот на издавањето на одобрението од Комисијата.

(5) Одобрението од став 4 на овој член, Комисијата го издава во рок од 30 дена од приемот на барањето.

(6) Друштвото за управување со фондовите и депозитната банка при извршувањето на своите обврски мораат да дејствуваат независно и исклучиво во интерес на сопствениците на документи за удели и на акционерите.

*Работи кои ги врши депозитната банка*

Член 53

(1) Депозитната банка, покрај чувањето на имотот на фондот, ги врши следниве работи:

1. Обезбедува парничните средства од продажбата на удели во фондот или на акциите на фондот веднаш да бидат уплатени на посебно отворена сметка на фондот кај банката;

2. Издава документи за удел, ги прима откупените документи, врши исплата на сопствениците на документи за удел и го исплатува учеството во добивката на фондот;

3. Ја утврдува вредноста на поединечниот удел во фондот;

4. Исплатува дивиденда на акционерите;

5. Извршува налози на друштвото, во согласност со закон и статутот на фондот;

6. Се грижи приходите од имотот на фондот да се користат во согласност со закон и статутот на фондот и

7. Спроведува ликвидација и други работи во согласност со договорот од член 52 став 1 на овој закон.

(2) Депозитната банка во свое име а за сметка на сопствениците на документи за удели, односно во име и за сметка на сопствениците на акции ги остварува нивните побарувања спрема друштвото за управување со фондови. Тоа не го исклучува правото на сопствениците на документи на удели сами да ги остваруваат своите побарувања.

*Одговорност на депозитната банка*

Член 54

(1) Депозитната банка е должна работите за кои е овластена врз основа на договорот со друштвото за управување со фондовите да ги врши со внимание на добар стопанственик.

(2) Депозитната банка е одговорна пред друштвото за управување со фондови, пред сопствениците на документи за удели во отворениот фонд и пред акционерите на затворениот фонд, за штетата настаната од невршење или неправилно вршење на работите утврдени во договорот од член 52 став 1 на овој закон.

## VII. КОНТРОЛА

*Комисија за хартии од вредност*

Член 55

(1) Комисијата врши контрола над работењето на инвестиционите фондови, друштвата за управување со инвестиционите фондови и депозитните банки во делот на работењето на инвестиционите фондови.

(2) Депозитната банка за утврдените неправилности во работењето на друштвото за управување со фондовите веднаш ја информира Комисијата. Информирањето се врши и по барање на Комисијата.

(3) Комисијата го пропишува начинот на вршење контрола на работењето на друштвата за управување со фондовите, фондовите и депозитните банки.

(4) Комисијата може без ограничување да ги прегледува деловните книги и другите документи на друштвата за управување со фондовите, инвестиционите фондови и депозитните банки кои се однесуваат на работењето на инвестиционите фондови.

(5) Трошоците на контролата се на товар на друштвото за управување со фондовите.

*Овластување на Комисијата*

Член 56

(1) Ако при контролата од член 55 на овој закон, Комисијата утврди неправилности во работењето или во водењето на деловните книги, ќе донесе решение со кое ќе му наложи на друштвото за управување со фондовите, односно на депозитната банка утврдените неправилности да ги отстрани во определен рок, кој не може да биде подолг од 30 дена.

(2) Друштвото за управување со фондовите, односно депозитната банка е должно во определениот рок од став 1 на овој член да ги отстрани неправилностите и да ја извести Комисијата, со приложување на докази дека недостатоците или неправилностите се отстранети или исправени. Комисијата може на друштвото за управување со фондовите да му го одземе одобрението за основање на друштво за управување со фондовите, ако во определениот рок друштвото за управување со фондовите не ги отстранило недостатоците или неправилностите.

(3) Комисијата го одзема одобрението за основање на друштво за управување со фондовите, доколку друштвото за управување со фондовите:

1. Не започне да работи во рок од шест месеци од денот на издавањето на одобрението;
2. Прекине со работа;
3. Дозволата ја добило со наведување на невистинити податоци;
4. Престанат да постојат условите утврдени во член 44 став 1 на овој закон и
5. Ако во определеното рок од став 1 на овој член не ги отстрани недостатоците, или неправилностите, или ако за тоа не ја извести Комисијата.

*Обврска за известување*

Член 57

(1) Друштвото за управување со фондовите е должно редовно да ја известува Комисијата за неговата финансиска состојба, за измените и дополнувањата на статутот

на друштвото за управување со фондовите, за вложувања на сопствениот капитал во други правни лица, за промени на неговите основачи, за тешкотии во тековната ликвидност и други факти со кои се овозможува контрола над работењето на друштвото во согласност со овој закон.

(2) Друштвото за управување со фондовите е должно на Комисијата да ѝ доставува годишни финансиски извештаи на друштвото, проспекти на инвестиционите фондови со кои управува и нивните изменувања и дополнувања, како и годишни финансиски извештаи на фондовите заверени од овластен ревизор.

(3) Начинот и условите за доставување на информациите од ставовите 1 и 2 на овој член ги утврдува Комисијата.

*Примена на Законот за општата управна постапка*

Член 58

(1) Ако со овој закон поинаку не е определено, во постапката на издавање одобрение за основање инвестициони фондови, друштва за управување со фондовите и изборот на депозитна банка, се применува Законот за општата управна постапка.

(2) Против решението што во управна постапка го донесува Комисијата може да се изјави жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија.

## VIII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 59

(1) Со парична казна од 50.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок друштвото за управување со фондовите ако:

1. Нема одобрение од Комисијата (член 3);
2. Проспектот содржи лажни и неточни податоци (член 7 став 5);
3. Не поднесе финансиски извештаи до Комисијата (член 8 став 4);
4. Не ги извести Комисијата и членовите на фондот за секоја значајна промена која влијае врз одлуката на инвеститорите, согласно со член 10;
5. На инвеститорот кој има намера да купи документи за удел или да запише и купи акции не му ги даде документите предвидени со член 11;
6. Ги надмине ограничувањата на вложувањата утврдени во член 14;
7. Изврши краткорочно задолжување спротивно на член 15
8. Не ги објавува податоците за секој инвестиционен фонд со кој управува во согласност со член 17;
9. Основа фонд спротивно на член 19 ставови 2 и 3 и член 31 ставови 2 и 3 на овој закон;
10. Документот за удел во отворениот фонд не ги содржи податоците утврдени во член 23;
11. Врши исплата на откупот на удели со одбитоци кои не се изрично утврдени со статутот или додека трае прекинот на откуп на документи за удел, издава нови документи за удел или не го пријави на Комисијата запирањето на откупот на документи за удел (член 25);

12. Не го објави во "Службен весник на Република Македонија" откажувањето на управувањето со фондот и за тоа не ги извести сопствениците на документите за удел на фондот (член 27);
13. Не ја одржува основната главнина од член 34;
14. Издава акции на затворениот фонд спротивно на член 35;
15. Врши запишување на акции спротивно на член 36;
16. Работите во врска со управувањето со имотот на фондот не ги пренесе на депозитната банка во рок од седум дена од денот на приемот на одлуката со која Комисијата му го одзела одобрението за управување со затворениот фонд, односно од денот на ликвидација на друштвото за управување со фондовите (член 41 став 4);
17. Започне да работи пред добивањето одобрение од Комисијата (член 44 став 1);
18. Имотот на друштвото не го држи и не го прикажува одвоено од имотот на фондот (член 46 став 1);
19. Располага или постапува со имотот на фондот спротивно на член 47;
20. Трошоците за управување со фондот ги пресметa за сметка на имотот на фондот спротивно на член 51 и
21. Не ја известува Комисијата во согласност со член 57.

(2) Со парична казна од 10.000 до 30.000 денари за прекршок од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во друштвото за управување со фондовите.

Член 60

(1) Со парична казна од 100.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок депозитната банка, ако:

1. Во рок од три месеци не го распушти фондот и не им го подели на сопствениците неговиот имот или во истиот рок го пренесе правото на управување со имотот на фондот на некое друго друштво без одобрение на Комисијата (член 27 став 6 );
2. Не ја објави одлуката за распуштање на отворениот фонд во согласност со член 28 став 1 и
3. Не поднесе предлог до судот за отворање постапка за ликвидација во согласност со член 41 став 6.

(2) Со парична казна во износ од 10.000 до 30.000 денари за прекршок од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во депозитната банка.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 61

(1) Правните лица кои до денот на влегувањето во сила на овој закон, вршат дејност на управување со инвестициони фондови или во фирмата ги имаат зборовите, или називите од членот 2 на овој закон, должни се да го усогласат своето работење и актите со одредбите на овој закон и до Комисијата да поднесат барање за издавање на одобрение за работа најдоцна во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Доколку правните лица од став 1 на овој член не го усогласат своето работење и актите, престануваат по истекот на определениот рок по сила на овој закон.

(3) Правила и упатства за спроведување на овој закон донесува Комисијата.

Член 62

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**184.**

Врз основа на член 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за акцизите,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 4 февруари 2000 година.

Број 07-433/1
4 февруари 2000 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ**

Член 1

Во Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија" број 78/93, 70/94, 14/95, 42/95, 71/96, 5/97, 36/97, 7/98, 63/98, 39/99 и 43/99), во членот 10 ставот 2 се менува и гласи:

„Акцизата од став 1 на овој член се утврдува периодично како разлика меѓу излезната рафинериска цена и производната рафинериска цена, при што пропишаната акциза во Тарифен број 1 за одделните нафтени деривати од точките 1), 2), 3) и 7) претставува просечен износ на акциза во даночниот период на годишно ниво."

Член 2

Членот 10-а се брише.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**185.**

Врз основа на член 13 став 4 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија" број 65/97), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 9 февруари 2000 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ГЛАВЕН ДРЖАВЕН РЕВИЗОР НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

1. За главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија е избран

Мстодија Тошевски, директор, координатор на „Алмако банка" а.д. Скопје.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 07-506/1
9 февруари 2000 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с.р.

**186.**

Врз основа на член 3, а во врска со член 2, став 2 од Законот за сметање на времето („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/96 и 16/97), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.02.2000 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДЕНОТ И МОМЕНТОТ НА ВОВЕДУВАЊЕТО И ДЕНОТ И МОМЕНТОТ НА ЗАВРШУВАЊЕТО НА ЛЕТНОТО СМЕТАЊЕ НА ВРЕМЕТО ВО 2000 ГОДИНА**

1. Летното сметање на времето во 2000 година започнува на 26 март во 02h 00 min 00s, така што со поместување за еден саат нанапред времето во 02h 00 min 00s се смета како 03h 00 min 00s.

2. Летното сметање на времето во 2000 година се завршува на 29 октомври во 03h 00 min 00s, така што со поместување за еден саат наназад времето во 03h 00 min 00s се смета како 02h 00 min 00s.

3. Саатот кој на 29 октомври 2000 година, поради поместување за еден саат наназад се појавува двапати помеѓу 02h 00 min 00s и 03h 00 min 00s се означува – првиот пат како саат 2А, а вториот пат како саат 2Б.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-256/1
1 февруари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**187.**

Врз основа на член 47, став 4 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на РМ" бр. 50/97), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.02.2000 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНАТА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО ОХРИД**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа во Охрид, што го донесе Управниот одбор на Јавната установа на седницата одржана на 12.11.1999 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2962/1
1 февруари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**188.**

Врз основа на член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија", на седницата одржана на 1.02.2000 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ**

Член 1

На Министерството за млади и спорт му се пренесува правото на користење на земјиштето КП бр. 333 во површина од 21.216 м$^2$ во м.в. „Голеш" и КП број 338/3 во површина од 512 м$^2$ во м.в. „Грасница" и двете во КО Охрид, заведени во поседовен лист број 7306 сопственост на Република Македонија, кои досега ги користеше Младинско рекреативниот центар од Охрид.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр 23-258/1
1 февруари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р

**189.**

Врз основа на член 197, став 3 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.02.2000 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СТОПАНСТВО**

1. Работното време на Министерството за стопанство и органите во состав на Министерството за стопанство започнува во 8.00 и трае до 16,00 часот.

2. Работното време на подрачните организациони единици на Министерството за стопанство, се определува во согласност со работното време на органите на единиците на локалната самоуправа за чие подрачје е основана соодветна подрачна организациона единица.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од први февруари 2000 година.

Бр. 23-345/1
1 февруари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**190.**

Врз основа на член 8, став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал во претпријатијата „Службен весник на РМ" бр. 37/96, 25/99 и 81/99), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 02 2000 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА СТРАТЕШКИ ИНВЕСТИТОР ВО АД ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ПИВО И БЕЗАЛКОХОЛНИ ПИЈАЛАЦИ – БИТОЛА**

1. За стратешки инвеститор во АД за производство на пиво и безалкохолни пијалаци – Битола, се избира лицето Ахмет Искендер од Базел – Швајцарија.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-395/1
1 февруари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**191.**

Врз основа на член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90" и „Службен весник на РМ" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.01.2000 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА САТЕЛИТСКА РАДИОДИФУЗИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Со оваа одлука се обезбедуваат средства за зачленувањето на Република Македонија во Европската телекомуникациска сателитска организација – ЕУТЕЛСАТ и за закуп на сателитски канал за емитување на радио и телевизиска програма преку сателит на ЕУТЕЛСАТ.

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука, за тековната 2000 година, ќе се обезбедат од дивидендата на АД „Македонски телекомуникации", во висина од 2.000.0000,00 ДЕМ, кои ќе се уплаќаат сукцесивно.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-460/1
17 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**192.**

Врз основа на член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94 и 63/98) и член 2 од Одлуката за образување на Комисија за сметководствени стандарди, Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.12.1999 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ, СЕКРЕТАР И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА СМЕТКОВОДСТВЕНИ СТАНДАРДИ**

1. За претседател, потпретседател и членови на Комисијата за Сметководствени стандарди, се именуваат:

а) За претседател:

– Борис Стојменов, министер за финансии,

б) За потпретседател:

– д-р Слободан Марковски, професор на Економскиот факултет – Скопје,

в) За секретар: Марија Јовановска,

г) За членови:

1) д-р Серафим Томовски,

2) д-р Трајко Русевски,

3) д-р Блажо Недев,

4) д-р Здравко Здравковски,
5) Миле Христовски,
6) Милко Петров,
7) Диме Бошевски,
8) Марјан Бојациев,
9) Мирка Мандевска,
10) Сузана Стојчева,
11) Живко Манчев,
12) Перо Дуљанов,
13) Славица Лазаровска,
14) Трајанка Петрова,
15) Ѓорѓи Чучуќ,
16) Ромео Костадинов и
17) Дан Дончев.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на РМ".

Број 17-5655/3
21 декември 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски** с.р.

**193.**

Врз основа на член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" број 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" број 63/94 и 63/98) и член 6 од Правилникот за организација и систематизација на работите и задачите на Агенцијата за обнова и развој, Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ**

1. М-р Борко Андреев се разрешува од должноста извршен директор на Агенцијата за обнова и развој, поради заминување на друга должност, заклучно со 26.12.1999 година.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.17-309/1
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**194.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ФИНАНСИИ**

1. За советник на министерот за финансии се назначува Мирослав Јовановиќ, досегашен советник на министерот за трговија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-113/2
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**195.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ФИНАНСИИ**

1. За советник на министерот за финансии се назначува Зоран Глигоров, досегашен советник на министерот за трговија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-113/3
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**196.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ФИНАНСИИ**

1. За советник на министерот за финансии се назначува Елизабета Кркачева, досегашен советник на министерот за трговија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-113/4
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**197.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ФИНАНСИИ**

1. За советник на министерот за финансии се назначува Горан Анчески, досегашен советник на министерот за трговија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-113/5
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**198.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРГОВИЈА**

1. Се разрешува Мирослав Јовановиќ од должноста советник на министерот за трговија, поради заминување на друга должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-113/6
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**199.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРГОВИЈА**

1. Се разрешува Зоран Глигоров од должноста советник на министерот за трговија, поради заминување на друга должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-113/7
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**200.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРГОВИЈА**

1. Се разрешува Елизабета Кркачева од должноста советник на министерот за трговија, поради заминување на друга должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-113/8
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**201.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРГОВИЈА**

1. Се разрешува Горан Анчески од должноста советник на министерот за трговија, поради заминување на друга должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-113/9
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**202.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРГОВИЈА**

1. Се разрешува Вера Пепелничка од должноста советник на министерот за трговија, поради заминување на друга должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-127/2
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**203.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРГОВИЈА**

1. Се разрешува Јани Богоевски од должноста советник на министерот за трговија, поради заминување на друга должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-127/3
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**204.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРГОВИЈА**

1. За помошник на министерот за трговија се назначува Вера Пепелничка досегашен советник на министерот за трговија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-128/2
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**205.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРГОВИЈА**

1. За помошник на министерот за трговија се назначува Јани Богоевски, досегашен советник на министерот за трговија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-128/3
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**206.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРГОВИЈА**

1. За потсекретар во Министерството за трговија се назначува Јасмина Гелевска, досегашен помошник на министерот за развој.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-129/2
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**207.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА РАЗВОЈ**

1. Се разрешува Јасмина Гелевска од должноста помошник на министерот за развој, поради заминување на друга должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-202/2
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**208.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРГОВИЈА**

1. За потсекретар во Министерството за трговија се назначува Александар Посохин, досегашен стручен соработник во Дирекцијата за опрема, машини и возила во „Технометал-Вардар" увоз-извоз, А.Д. – Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-129/3
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**209.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА НАУКА**

1. За помошник на министерот за наука се назначува д-р Марија Ташева, досегашен потсекретар во Министерството за образование.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-212/2
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**210.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОТСЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ**

1. Се разрешува д-р Марија Ташева од должноста потсекретар на Министерството за образование, поради заминување на друга должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-247/2
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**211.**

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управа („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА НАУКА**

1. За советник на министерот за наука се назначува д-р Дореана Христова, досегашен помошник на министерот за образование.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-211/2
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**212.**

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управа („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ**

1. Се разрешува д-р Дореана Христова од должноста помошник на министерот за образование, поради заминување на друга должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-246/2
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**213.**

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управа („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

1. За помошник на министерот за внатрешни работи кој ќе раководи со Градската управа за внатрешни работи – Скопје, се назначува Љупчо Науновски, досегашен началник на Одделението за внатрешни работи – Кисела Вода при ГУВР – Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-280/2
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**214.**

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управа („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

1. Се разрешува Алексо Доневски од должноста помошник на министерот за внатрешни работи кој раководеше со Градската управа за внатрешни работи – Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-281/2
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**215.**

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управа („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

1. За советник на министерот за внатрешни работи се назначува Крум Коцарев, досегашен потсекретар во Министерството за образование.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-238/3
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**216.**

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управа („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОТСЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ**

1. Се разрешува Крум Коцарев од должноста потсекретар во Министерството за образование, поради заминување на друга должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-248/2
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**217.**

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управа („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ПРАВДА**

1. Се разрешува Пламен Георгиевски од должноста помошник на министерот за правда.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-282/2
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**218.**

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управа („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ПРАВДА**

1. За помошник на министерот за правда се назначува Марина Наумовска, досегашен советник на министерот за локална самоуправа.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-283/2
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**219.**

Врз основа на член 17, од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА „МАКЕДОНИЈАПАТ" – СКОПЈЕ**

1. Љубен Пауноски се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за

одржување и заштитата на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат" – Скопје, поради заминување на друга должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-285/2
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с. р.

**220.**

Врз основа на член 100 став 1. од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА „ИЉО АНТЕСКИ-СМОК" – ТЕТОВО

1. д-р Веби Бецети се разрешува од должноста вршител на должноста директор на Домот на културата „Иљо Антески-Смок" – Тетово, поради заминување на друга должност, заклучно со 26 декември 1999 година.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-286/1
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с. р.

**221.**

Врз основа на член 169, став 1 од Законот за издавање и тргување со хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/97, 15/97 и 11/99), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1. Од должноста претседател и членови на Комисијата за харти од вредност се разрешуваат:

а) Претседателот:

– м-р Борис Стојменов

б) членовите:

– д-р Глигор Бишев,

– Никола Груевски,

– Марјан Ѓорчев,

– Зекирија Касами,

– Сашо Митров,

– м-р Методија Тошевски.

2. За претседател и членови на Комисијата за хартии од вредност се именуваат:

а) За претседател

– Никола Груевски, министер за финансии

б) За членови:

– д-р Глигор Бишев, заменик на гувернерот на Народна банка на Република Македонија,

– Марјан Ѓорчев, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,

– Зекирија Касами, дипломиран економист,

– Сашо Митрев, директор на приватна фирма „Ал импекс" – Скопје,

– д-р Михаил Петковски, професор на Економскиот факултет – Скопје,

– м-р Методија Тошевски, директор на Алмако банка АД – Скопје,

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-287/2
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с. р.

**222.**

Врз основа на член 29, став 3 од Одлуката за основање Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/98 и 45/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Се разрешува м-р Драгиша Стојмановски од должноста помошник на директорот на Службата за општи заеднички работи на Владата на Република Македонија и раководител на Секторот за угостителство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5730/2-99
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с. р.

**223.**

Врз основа на член 29, став 3 од Одлуката за основање Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/98 и 45/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Се разрешува Георги Гошев од должноста советник на директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и раководител на Секторот за угостителство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5731/2-99
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с. р.

**224.**

Врз основа на член 29, став 3 од Одлуката за основање Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/98 и 45/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За советник на директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Ма-

кедонија се назначува Мишо Василевски, досегашен началник на Одделението за општи и заеднички работи – Чаир – Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5731/3-99
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

---

**225.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 2000 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ЗДРАВСТВО

1. За помошник на министерот за здравство се назначува Богдан Шаљиќ, досегашен советник на министерот за здравство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5945/2-99
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

---

**226.**

Врз основа на член 25 од Законот за трговијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/95, 30/95, 43/95, 23/99 и 43/99), министерот за трговија донесе

## НАРЕДБА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ ЗА КОИ ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДРУГИТЕ ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА ШТО ВРШАТ ДЕЈНОСТ СЕ ДОЛЖНИ ДА ДОСТАВУВААТ ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ЦЕНИТЕ

Член 1

Во Наредбата за определување на производи и услуги за кои претпријатијата и другите правни и физички лица што вршат дејност се должни да доставуваат известување за цените („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/95 и 65/95), во точка I, алинеја 4 и алинеја 5 се бришат, а постојните алинеи 6, 7 и 8, стануваат алинеи: 4,5 и 6, после кои се додава нова алинеја 7, која гласи:

„– провизиите на платниот промет, освен провизиите во платниот промет на Заводот за платен промет."

Член 2

Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-214/1
24 јануари 2000 година
Скопје

Министер,
д-р **Милијана Даневска**, с.р.

**227.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 11, член 71 и член 27 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 26 јануари 2000 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 3 од Законот за изменување на Законот за акцизите („Службен весник на РМ" бр. 78/93, 70/94, 14/95, 42/95, 71/96, 5/97, 36/97, 7/98, 63/98, 39/99, 43/99)

2. Се става вон сила Решението У. бр. 179/99 од 10 ноември 1999 година за запирање од извршување поединечните акти и дејствија донесени односно преземени врз основа на оспорениот член.

3. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

4. Уставниот суд на Република Македонија по повод поднесената иницијатива на Борис Кондарко од Скопје и Виктор Божиновски од Куманово со решение У. бр. 179/99 од 10 ноември 1999 година поведе постапка за оценување уставноста на член 3 од Законот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што тој не бил во согласност со член 68 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија. Истовремено Судот ги запре од извршување поединечните акти и дејствија донесени односно преземени врз основа на оспорениот член.

5. Судот на седницата утврди дека според Законот за акцизите, акцизата се воведува како посебен вид на данок на промет на определени производи, а стапките на акцизата се утврдуваат во Тарифата на акцизите која е составен дел на Законот.

Со Законот за акцизите односно со Тарифата до јули 1999 година акцизата била утврдена во процентуален износ.

Во Законот за изменување на Законот за акцизите („Службен весник на РМ" бр. 39/99), во Тарифата на акцизите тарифен број 1 став 1, 2, 3 и 7 (моторен бензин, дизел гориво, масло за горење – екстра лесно и масло за горење – мазут). Акцизата на нафтените деривати е утврдена во фиксен износ.

Во Законот за изменување на Законот за акцизите („Службен весник на РМ" бр. 43/99), во член 2 е предвидено дека членот 10 се менува и гласи:

„ Акциза се плаќа во определен износ по литар за следниве деривати на нафта: моторен бензин, дизел гориво и масло за горење екстра лесно (ЕЛ). Акцизата во определен износ на масло за горење – мазут се плаќа по килограм.

Акцизата од став 1 на овој член се утврдува како разлика меѓу излезната рафинериска цена и производната рафинериска цена.

Производна рафинериска цена од став 2 на овој член е цената на прагот на рафинеријата за секој дериват утоварен во превозно средство, дефинирана согласно со Методологијата за формирање на цените на одделни видови енергија („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/98).

Излезната рафинериска цена за секој дериват, од став 2 на овој член, е производната рафинериска цена за секој дериват плус акцизата. Излезната рафинериска цена ја утврдува Владата на Република Македонија.

За дериватите на нафта кои не се наведени во став 1 на овој член акциза се плаќа на основица продажна цена која во себе не содржи акциза".

Во оспорениот член 3 е предвидено дека по членот 10 се додава нов член 10 а кој гласи:

„Владата на Република Македонија ја утврдува акцизата на нафтените деривати од член 10 став 1 на овој

закон периодично, при што пропишаната акциза во Тарифен број 1 за одделни нафтени деривати од точките 1) 2) 3) и 7) претставува просечен износ на акцизата во даночниот период на годишно ниво".

5. Според член 33 од Уставот секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон.

Според член 68 став 1 алинеја 3 Собранието на Република Македонија ги утврдува јавните давачки.

Според член 91 од Уставот, Владата на Република Македонија, покрај другото, ја утврдува политиката на извршувањето на законите и другите прописи на собранието и е одговорна за нивното извршување, предлага закони, републички буџет и други прописи што ги донесува Собранието.

6. Од изнесеното произлегува дека со Законот, висината на акцизата е утврдена на годишно ниво, а Владата е овластена периодично да интервенира во висината на акцизата на нафтените деривати во текот на еден определен период за да се постигнат просечни износи на годишно ниво.

Според тоа, неспорно е дека износите на акцизите кои се плаќаат на одделни нафтени деривати по литар со измените на законот не се фиксно определени, туку тие ќе варираат од производната рафинериска цена, пропишаните износи на акцизата кој е утврден од 1 јули 1999 година во фиксен износ всушност ќе претставува просечен износ на акцизата во даночниот период на годишно ниво.

Со оглед на изнесеното, а имајќи го предвид начелото на општост и законитост според кои секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки на начин утврден со закон, Судот смета дека јавните давачки, меѓу кои се и даноците како и утврдување на нивните битни елементи (обврзник, основица, стапка, олеснувања и ослободувања), е во надлежност на Собранието.

Тргнувајќи од анализата на содржината на наведените уставни и законски одредби неспорно е дека акцизата е јавна давачка и дека јавните давачки може да ги утврди само Собранието на Република Македонија, а не и Владата на Република Македонија, поради што Судот оцени дека оспорениот член 3 од Законот не е во согласност со Уставот.

7. Со оглед на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 и 2 од оваа одлука.

8. Оваа одлука Судот ја донесе со мнозинство во состав од претседателот на Судот д-р Милан Недков и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Јован Прчевски, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Цунов.

У. бр. 179/99
26 јануари 2000 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд
на Република Македонија,
д-р **Милан Недков**, с.р.

**228.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 12 јануари 2000 година, донесе

## О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА член 14 став 1 точка 31, член 55 став 1 алинеи 4 и 6, член 75 став 3 во делот „а по исклучок што го утврдува советот на општината со денот на донесување" и член 78 од Статутот на Општина Чучер-Сандево кај Скопје.

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, на иницијатива на Трајан Нешков од с. Кучевиште кај Скопје, со Решение У. бр. 160/99 од 24 ноември 1999 година поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одредбите од Статутот означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за согласност на член 14 став 1 точка 31 од Статутот со член 8 став 1 алинеја 4, со членовите 13 и 14 и со член 98 став 2 од Уставот, потоа на член 75 став 3, во означениот дел, на Статутот со член 52 став 1 од Уставот, понатаму на член 55 став 1 алинеи 4 и 6 од Статутот со член 24, член 43 став 1 точки 9 и 11, член 52 и со член 53 ставовите 1 и 3 од Законот за локалната самоуправа и, конечно, на член 78 од Статутот со член 43 став 1 точките 1 и 8 и со член 60 став 2 од Законот за локалната самоуправа.

На наводите во означеното решение на Судот, доносителот на оспорените статутарни одредби (Советот на Општината), искажа поинакво мислење само во однос на член 78 од Статутот, сметајќи дека таа статутарна одредба има основа во член 3 став 2 од Европската повелба за локалната самоуправа, во член 25, член 29 став 1 точка 4 и во член 60 став 2 од Законот за локалната самоуправа односно дека Советот на Општината е законски овластен орган да одлучува за сите прашања во општината, па и за располагањето и стопанисувањето со нејзиниот имот. За другите одредби, Советот на Општината не изнесе поинакво мислење од она на Судот.

4. Судот, на седницата, утврди дека според член 14 став 1 точка 31 од Статутот, Општината, самостојно „определува престапи и казни кога не се почитуваат прописите на општината". Судот, исто така, утврди дека одредбите со истоветна содржина од Законот за локалната самоуправа (член 17 став 1 точка 31 и член 29 став 1 точка 10), се укинати од овој суд со Одлука У. бр. 16/98 од 20 јануари 1999 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/99), затоа што: (1) само судовите можат да одлучуваат за вината на сторителите на казниви дела, а не и советите на општините кои се претставнички тела, што е согласно на поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска (член 8 став 1 алинеја 4 и член 13 од Уставот); (2) судовите можат да судат за казниви дела само ако тие се претходно утврдени со закон и ако со закон е определена санкција за нив, а не и ако казнивите дела и санкциите се определени со прописи на општините (член 14 и член 98 став 2 од Уставот); (3) пропишувањето на казнивите дела и на санкциите за нив, како и нивното спроведување, се исклучиво надлежност на државната власт; (4) нема потреба општините односно нивните совети да утврдуваат престапи и казни бидејќи тие своите надлежности ги вршат во согласност со определени закони во кои се веќе предвидени казнивите дела и санкциите за нив.

Имајќи ја предвид изнесената фактичка и правна состојба, Судот, по сопствена иницијатива, утврди дека означената статутарна одредба нема основа во наведените уставни одредби, поради што одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

5. Понатаму, Судот утврди дека според член 75 став 3 од Статутот општите акти влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето, а по исклучок што го утврдува Советот на општината со денот на донесување.

Според член 52 став 1 од Уставот, законите и другите прописи се објавуваат пред да влезат во сила.

Од изнесената уставна одредба произлегува дека прописите мора најнапред да се објават, а тоа значи мора да им се овозможи на граѓаните да се запознаат со содржината на тие прописи односно со правата и обврските на граѓаните кои произлегуваат од тие прописи, па потоа да влезат во сила односно да предизвикуваат правни последици за граѓаните.

Со оглед на тоа што оспорениот дел на став 3 од членот 75 од Статутот определува општите акти на Општината Чучер-Сандево да можат, по исклучок, да влезат во сила со денот на донесувањето, а тоа практично значи пред да се објават односно пред граѓаните да се запознаат со нивните права и обврски кои произлегуваат од тие општи акти, а не после објавувањето (веднаш или по истек на извесен временски период), Судот утврди дека тој дел од одредбата не е во согласност со наведената уставна одредба, поради што одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

6. Судот, на седницата, утврди дека во член 55 став 1 алинеите 4 и 6 од Статутот се определува градоначалникот на Општината да „именува и разрешува главен архитект на градот" (алинеја 4) и да „именува и разрешува членови на градскиот совет за архитектура" (алинеја 6).

Според член 24 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/95 и 60/95), органи на единиците на локалната самоуправа се: совет, градоначалник, управни и административни органи (став 1), а во единица на локалната самоуправа која има град како седиште на единицата на локалната самоуправа се именува главен архитект на градот (став 2).

Притоа, делокругот на главниот архитект на градот се состои во покренување иницијатива за измена и дополнување на деталните урбанистички планови, покренува иницијатива за изработка на урбанистички планови и архитектонско-урбанистички проекти, дава стручно мислење на наведените планови и проекти, дава насоки при изработка на проектите со цел да се зачуваат амбиенталните вредности на одделни градски квартови и објекти, дава согласност на архитектонски проекти што се од големо значење за градот според критериумите утврдени од единицата на локалната самоуправа,... (член 52 од Законот).

Инаку, главниот архитект се именува и разрешува од страна на градоначалникот на единицата на локалната самоуправа (член 43 став 1 точка 9 и член 53 став 1 од Законот), при што главниот архитект му предлага на градоначалникот состав на градскиот совет за архитектура од истакнати архитекти и други стручни профили заради компетентно, стручно и ефикасно вршење на своите надлежности (член 53 став 3 од Законот), а именувањето и разрешувањето на членовите на градскиот совет за архитектура го врши градоначалникот (член 43 став 1 алинеја 11 од Законот).

Од изнесените законски одредби произлегува дека, и формално и содржински, главниот архитект на градот и градскиот совет за архитектура можат да постојат како помошни органи на градоначалникот во некоја единица на локална самоуправа чие седиште е урбанизирано (градско), населено место.

Со оглед на тоа што седиштето на Општината Чучер-Сандево не е урбанизирано (градско), населено место, што произлегува од член 8 став 1 точка 116 на Законот за територијалната поделба на Република Македонија и определување на подрачја на единиците на локалната самоуправа – „Службен весник на Република Македонија" бр. 49/96, како и од фактот дека таа општина опфаќа само неурбанизирани (селски), населени места, Судот утврди дека постоењето главен архитект на градот и градски совет за архитектура во оваа општина не е во согласност со наведените законски одредби, поради што одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Исто така, Судот утврди дека според член 78 од Статутот, „за купување, отуѓување и оптоварување на имотот на општината одлучува советот на општината" (став 1) и дека „Советот со одлука може да го овласти градоначалникот на општината да врши купување, отуѓување и оптоварување на дел од имотот на општината" (став 2).

Според член 43 став 1 од Законот за локалната самоуправа, градоначалникот ја претставува и застапува единицата на локалната самоуправа (точка 1) и управува со имотот во согласност со статутот на единицата на локалната самоуправа (точка 8). Согласно член 60 став 2 од истиот закон, со имотот, единицата на локалната самоуправа располага и стопанисува во јавен интерес и како добар домаќин.

Од изнесените законски одредби произлегува дека градоначалникот на општината е орган кој е овластен да ја претставува и застапува општината, а во тие рамки и да управува со имотот на општината, при што тој тоа мора да го прави така што ќе го остварува јавниот интерес и ќе се однесува како добар домаќин, а со статутот на општината може да се определи добивање на согласност, претходна или дополнителна (на пример од советот), но без да му се одзема таквото законско овластување на градоначалникот.

Законските одредби, пак, посочени од доносителот на Статутот (Советот на Општината), се однесуваат на генералната положба на Советот на Општината (да одлучува за прашања од надлежност на општината), која пак не може да значи одземање на законско овластување на градоначалникот да ја претставува и застапува општината и во тие рамки да управува со имотот на општината, што е изрично законско определување.

Со оглед на тоа што член 78 ставовите 1 и 2 од Статутот му го одземаат правото на градоначалникот да управува со имотот на општината определено со означените законски одредби, а не ја регулираат поблиску материјата околу согласност на таквото право на градоначалникот, Судот оцени дека член 78 од Статутот не е во согласност со наведените законски одредби, поради што одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

8. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

9. Оваа одлука Судот ја донесе едногласно во однос на првите три одредби и со мнозинство во однос на член 78 од Статутот, во состав од претседателот на Судот д-р Милан Недков и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Јован Проевски, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Цунов.

У. бр. 160/99
12 јануари 2000 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд
на Република Македонија,
д-р **Милан Недков**, с.р.

**229.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 26 јануари 2000 година, донесе

## О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА член 194 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/91, 46/93 и 55/95), во делот што гласи: „односно со општ акт на Министерството за здравство".

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија со Решение У.бр. 137/99 од 10 ноември 1999 година, по повод поднесена иницијатива од Стамен Филипов од Скопје, поведе постапка за оценување уставноста на дел од одредбата од Законот означен во точката 1 на оваа одлука, затоа што се постави прашањето за неговата согласност со Уставот на Република Македонија.

4. Судот на седницата утврди дека според член 194 (203 е од пречистениот текст на Законот) од Законот за здравствената заштита до уредувањето на правото на надоместок на плата за време на отсутност од работа поради бременост и породување и надоместок на трошоците на закон со друг закон, правото на овие надоместоци ќе се остварува од Фондот за здравствено осигурување во висина од 100% од основицата утврдена според член 20 од овој закон, односно со општ акт на Министерството за здравство.

5. Согласно ставот 5 на член 32 од Уставот остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективен договор, а според членот 34, исто од Уставот, граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и колективен договор.

Со Законот за здравствената заштита се уредуваат правата од здравствената заштита, односите и правата од здравственото осигурување, постапката на користењето на здравствена заштита и системот и организацијата на здравствената заштита.

Законот во рамките на задолжителното здравствено осигурување, врз начелата на взаемност и солидарност, на осигурениците им обезбедува право на основна здравствена заштита (член 11), која меѓу другото ја опфаќа здравствената заштита во врска со бременост и породување. Со Законот е воспоставено и правото на надоместок место плата за време на привремена спреченост за работа ако се исполнети условите пропишани со овој закон, а се исплатува за деновите за кои се остварува плата според прописите за работните односи.

Исто така Законот, во членот 20, ја утврдил и основицата за пресметување на надоместокот на плата за време на привремена спреченост за работа што претставува просечен износ на платата на кој е платен придонес за здравствено осигурување во последните три месеци пред настапување на случајот поради кој се стекнува правото на надоместок, а за корисниците кои вршат дејност со личен труд, основицата за која е платен придонес за здравствено осигурување Законот ја определил и висината на надоместокот и тоа најмалку во висина од 70% од основицата, а во случаи спреченоста за работата кога настапила како последица од повреда за работа и професионално заболување, за време на давање на крв, ткиво или орган надоместокот изнесува 100% од основицата на надоместокот.

Правото на осигурениците на надоместок на плата за време на отсутност од работа поради бременост и породување и надоместокот на трошоците за закон, законодавецот ги поместил во преодните и завршни одредби од Законот, односно ги издвоил како посебна категорија на права за кои се обезбедува надоместок на плата и надоместок на трошоци за закон. При тоа изрично е нагласено дека до уредувањето на овие права со друг закон, правото на овие надоместоци ќе се остварува од Фондот за здравствено осигурување што наведува на заклучок дека ова решение е времено, односно дека овие права ќе се уредат со друг закон, но со оглед на тоа што надоместокот ќе се исплатува од Фондот за здравствено осигурување ја определил висината на надоместокот за отсуство поради бременост и породување 100% од основицата утврдена според членот 20 од Законот, што значи Законот во поглед на остварувањето на ова право не оставил простор ниту висината на надоместокот, ниту основицата да се утврдува со општ акт на Министерството за здравство, а со Правилникот за начинот на остварување на правата и обврските од здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 32/92, 6/95), само поблиску се уредува начинот на остварувањето на правата и обврските од здравственото осигурување утврдени со Законот. Согласно овластувањето предвидено со одредбите на цитираниот закон во поглед на надоместокот за закон, Министерството за здравство со Правилникот за висината на трошоците за закон („Службен весник на Република Македонија", бр. 3/92), ја утврдил висината на надоместокот на трошоците за закон на осигурениците и на членовите на нивните семејства и тоа за услугите што ги надоместува Фондот, а висината на трошоците се утврдува според договорен ценовник, што според мислењето на Судот на Правилникот му дава карактер на пропис.

Според член 95 од Уставот државната управа ја сочинуваат министерства и други органи на управата и организации утврдени со закон, а организацијата и работата на органите на државната управа се уредуваат со закон. Органите на државната управа, согласно член 96 од Уставот, работите од својата надлежност ги вршат самостојно врз основа и во рамките на Уставот и законите.

Тргнувајќи од уставната положба, органите на државната управа можат да се овластат да донесуваат прописи со кои се разработуваат законските одредби заради нивно извршување, при што со законите на чие извршување тие се однесуваат мора да се утврдат основите за уредување на односите, како и рамките на овластувањето на органот на државната управа.

Според член 160 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), функционерите кои раководат со органите на управата донесуваат правилници, наредби и упатства за извршување на законите и на другите прописи и општи акти на Собранието на Републиката, кога за тоа се овластени со тие закони.

Со оглед на тоа што членот 194 од Законот за здравствената заштита го утврдил само правото на надоместокот на трошоците за закон кој се исплатува од Фондот за здравствено осигурување, при што Законот не утврдил ниту основи за уредување на ова право, ниту ги утврдил рамките на овластувањето на органот на државната управа, туку упатил дека тоа ќе се уреди со правилник на Министерството за здравство, Судот оцени дека оспорениот дел од оваа одредба што гласи: „односно со правилник на Министерството за здравство" не е во согласност со означената уставна одредба.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

6. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Милан Недков и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Јован Проевски, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Цунов.

У.бр. 137/99
26 јануари 2000 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
д-р **Милан Недков**, с.р.

---

**230.**

Уставниот суд на Република Македонија врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 19 јануари 2000 година, донесе

## О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВААТ членовите 14 и 17 од Одлуката за утврдување на надоместок за употреба на градежно земјиште на територијата на Општина Пехчево, бр. 08-01/88 донесена од Советот на Општина Пехчево („Службен гласник на Општина Пехчево" бр. 4/97).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, по повод поднесената иницијатива на Јован Кујунциски од Пехчево, со решение У.бр. 148/99 од 20 октомври 1999 година, поведе постапка за оценување на уставноста на членовите 14 и 17 од Одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нивната согласност со Уставот на Република Македонија. Покрај тоа, Судот оцени дека не постојат основи за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на одлуката во целина.

4. Судот на седницата утврди дека со оспорената одлука (член 1) се определуваат обврзниците на надоместокот (физичките и правни лица), како непосредни корисници на градежно земјиште на општина Пехчево.

Во членот 2 од одлуката се утврдува намената на средствата од надоместокот, и тоа за финансирање на изградбата на комунални објекти и инсталации, при што по исклучок, 30% од тие средства можат да се користат за одржување на комуналните објекти и инсталации.

Согласно членот 4, надоместокот ќе се плаќа по единица површина и тоа посебно за изграденото корисен простор, а посебно за градежното земјиште.

Согласно членот 7, висината на надоместокот се определува врз основа на неколку критериуми, и тоа: зоната во која се наоѓа градежното земјиште, во смисла на погодностите што ги нуди тоа земјиште на корисникот, намената на објектот што е изграден на земјиштето и сопственоста на предметното уредено градежно земјиште.

Во членот 8 од одлуката, одделно, според намената на објектот и зоната во која се наоѓа, утврден е во фиксен месечен износ висината на надоместокот, при што истиот е врзан за девизниот курс на денарот во однос на германската марка.

Износот на надоместокот се утврдува со Решение на Фондот за локални патишта, улици и комунална изградба при Општина Пехчево, чиј работник е овластен непречено да изврши контрола заради утврдување на површините за кои се плаќа надоместокот (членови 9 и 10 од Одлуката).

Наплатата на надоместокот ја врши Јавното комунално претпријатие преку сметките за комунална услуга при што остварените средства се приход на Фондот.

Покрај тоа, членот 14 од оспорената одлука утврдува право на општината да предвидува казниво дело (оневозможување на овластениот работник на Фондот да изврши контрола заради утврдување на површините за кои се плаќа надоместокот) и санкција, односно парична казна (1 просечна плата за физичко лице и 10 просечни плати за правно лице). Притоа, средствата од казните се приход на Буџетот на Општината.

Членот 17 од одлуката предвидува истата да влезе во сила со денот на донесувањето, а да се објави во службеното гласило на Општината.

5. Согласно член 13 став 1 од Уставот на Република Македонија, лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино сè додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука.

Покрај тоа, според член 14 став 1 од Уставот на Република Македонија, никој не може да биде казнет за дело кое пред да биде сторено не било утврдено со закон или со друг пропис како казниво дело и за кое не била предвидена казна.

Согласно член 5 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/97), прекршокот е противправно дело што со закон е определено како прекршок и чии обележја се определени со закон.

Според член 7 од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/96), кривично дело е она противправно дело што со Законот е определено како кривично дело и чии обележја се определени со закон.

Од овие одредби произлегува дека вината за одредено казниво дело мора да биде утврдена со судска одлука, што значи дека за вината на сторителите за сите казниви дела може да одлучуваат само судовите. Општината, како единица на локалната самоуправа, нема уставни, ниту законски овластувања да утврдува казниви дела и пропишува санкции за непочитување на нејзините прописи.

Покрај тоа, согласно член 52 став 1 од Уставот на Република Македонија, законите и прописите се објавуваат пред да влезат во сила.

Со оглед на тоа што согласно член 17 од оспорената одлука се предвидува одлуката да влезе во сила со денот на донесувањето, а не со или по објавувањето, Судот оцени дека тој член не е во согласност со член 52 став 1 од Уставот на Република Македонија.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав претседавач судијата д-р Никола Крлески и судиите Бахри Исљами, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Јован Проевски, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Цунов.

Го заменува
Претседателот на
Уставниот суд на Република
Македонија,
д-р **Никола Крлески**, с.р.

У.бр. 148/99; 208/99
19 јануари 2000 година
Скопје

**231.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 19 јануари 2000 година, донесе

## О Д Л У К А

1. Се укинува член 3 во делот „а се применува од 1.05.1999 година" од Одлуката за измена на Одлуката за плати и други надоместоци на избраните лица во органите на Општина Чучер – Сандево бр. 07-264/7, донесена од Советот на Општина Чучер – Сандево на 23.06.1999 година („Службен гласник на Општина Чучер – Сандево" бр. 4/99).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, по повод поднесената иницијатива на Петар Мирковиќ од Скопје, со решение У.бр. 162/99 од 28 октомври 1999 година поведе постапка за оценување на уставноста на член 3 во делот „а се применува од 1.05.1999 година" од Одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за неговата согласност со Уставот на Република Македонија.

4. Судот на седницата утврди дека со членот 1 од одлуката се врши намалување на претходно утврдениот коефициент за утврдување на надоместокот за плати на секретарот на Советот на Општината од 2.65 на 2.00.

Покрај тоа, со членот 3 е предвидено одлуката да влезе во сила со денот на објавувањето во „Службениот гласник на Општина Чучер – Сандево" (истата е објавена во „Службен гласник на Општина Чучер – Сандево" бр. 4/99 од 25.06.1999 година), а да се применува од 1.05.1999 година.

5. Согласно член 52 став 4 од Уставот на Република Македонија, законите и другите прописи не можат да

имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Со членот 3 од одлуката (објавена во „Службен гласник на Општина Чучер – Сандево" бр. 4 од 25.06.1999 година), е предвидено таа да влезе во сила со денот на објавувањето во Службениот гласник, а да се применува од 1.05.1999 година.

Имајќи ја предвид содржината на оспорената одлука во однос на онаа чие изменување се врши, јасно произлегува нејзиниот рестриктивен, односно понеповолен карактер.

Оттука, според мислењето на Судот, членот 3 во делот „а ќе се применува од 1.05.1999 година" од одлуката не е во согласност со членот 52 став 4 од Уставот на Република Македонија.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав претседавач судијата д-р Никола Кљески и судиите Бахри Исљами, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Јован Проевски, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Џунов.

У.бр. 162/99
19 јануари 2000 година
Скопје

Го заменува
Претседателот на
Уставниот суд на Република
Македонија,
д-р **Никола Кљески**, с.р.

**232.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 29 декември 1999 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Се поведува постапка за оценување законитоста на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план на станбените единици „Карпош" I – II – Скопје, донесена од Советот на Општина Карпош на седницата одржана на 26 декември 1997 година („Службен гласник на Град Скопје" бр. 13/98).

2. Се отфрла иницијативата за поведување постапка за оценување законитоста на дел од Графичкиот прилог, надвор од опфатот на границите утврдени со членот 1 на Одлуката означена во точката 1 на ова решение.

3. Се запира извршувањето на поединечните акти или дејствија што се преземени врз основа на Одлуката означена во точката 1 на ова решение.

4. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

5. Небојша Јовановиќ и повеќе граѓани од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија, му поднесоа иницијатива за оценување на законитоста на актот означен во точката 1 на ова решение. Според наводите во иницијативата оспорената одлука не била донесена во постапка утврдена со Законот за просторното и урбанистичкото планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 3/96, 28/97). Имено, според Законот за просторното и урбанистичкото планирање кој стапил во сила на 2 февруари 1996 година, постапката за изработување на плановите претставувала техничка фаза и не предизвикува правни последици, па оттука не може да се смета дека постапката за донесување на оспорениот план е започната пред влегувањето во сила на Законот. Во прилог на ваквото тврдење се укажува на заклучоците на Собранието на Град Скопје бр. 08-2816/1 од 8 ноември 1996 година со кои се усвојува Предлогот за донесување на Планот, се утврдува нацртот на Планот и се задолжува органот за урбанизам нацртот на Планот со графичките прилози да ги стави на јавен увид и да организира јавна расправа од што несомнено произлегувало дека постапката за донесување на Планот започнала во време кога Законот за просторното и урбанистичкото планирање не бил веќе во сила што значи дека Нацртот на Планот требало да го утврди Советот на Општина Карпош, а не Градот Скопје, односно целата постапка за донесување на оспорената одлука требало да ја спроведе Општината Карпош и тоа целовито по новиот закон. Понатаму во иницијативата се наведува дека во членот 2 од оспорената одлука биле означени документите кон предлогот на Планот кои биле потребни за неговото донесување од Советот на Општина Карпош. Меѓутоа, не биле означени Извештајот на Министерството за урбанизам и градежништво за спроведената анкета и резултатите од стручната расправа по нацрт на Планот и дека нацртот на Планот бил изложен на јавно место, ниту дека било објавено соопштение во јавните гласила за времето и местото на излагање на Планот.

Исто така, во приложената документација кон Планот недостасувала прибавена согласност од Министерството за урбанизам и градежништво од што произлегувало дека Планот бил неспроведлив.

На аголот помеѓу улицата „Орце Николов" и „Миладин Поповиќ" била предвидена градба на колективна станбена зграда П+М+4+Пк. Квартот кој е предвиден за градба на овој станбен објект претставува дел од населбата Карпош I во која доминирале, со над 95% индивидуални станбени згради со максимална катност од П+2+Пк и претставувал природен, урбанистички, градежен и во секој поглед продолжеток на Дебар Маало со кое било разделено само со улицата „Рузвелтова". Планирањето на спорниот објект со висина од над 23 метри и со над 30 станови на просторот во кој постоела единствено индивидуална станбена градба претставувал директна повреда на законските одредби за просторното и урбанистичкото планирање затоа што при изработката на урбанистичкиот план не биле почитувани урбанистичките стандарди и нормативи за планирање на просторот со цел да се овозможи порационално уредување и користење на просторот и создавање на услови за хумано живеење на граѓаните.

Планирањето на спорниот објект претставувало директна повреда и на стандардите за инсолацијата на соседните објекти (на член 7 од Правилникот за стандардите и нормативите за планирање, затоа што со неговата изградба не можело да се обезбеди ниту минималното осончување од 1 час на приземјето на соседните објекти, ниту можело да се обезбеди потребното растојание од 6 метри меѓу просториите од соседните објекти, односно 3 метри од границата на урбанистичката парцела.

Исто така при планирањето на спорниот објект не биле земени предвид максимално дозволените коефициенти на искористеност на земјиштето со оглед на тоа што објектот го надминувал максимално дозволениот коефициент 1.4., а истовремено бил надминат и максимално дозволениот процент на изграденост на локацијата.

Подносителите на иницијативата посебно го нагласуваат непочитувањето на стандардите и нормативите за планирање во поглед на паркирањето (проблемот да биде решен во рамките на градежната парцела, а истовремено да се почитувал нормативот за минималниот број на паркиралишните места). Во случајов, за планираниот објект би требало да се обезбедат 40 паркиралишни места што физички било невозможно.

Од Нацртот на Планот, односно од неговиот графички прилог било видно дека измените и дополнува-

ња се однесувале само на опфат од површина 42 ха, кој опфат е утврден и во текстуалниот дел на нацрт одлуката. Спорниот објект бил надвор од опфатот на Нацрт-планот и произлегол од предлози на граѓани и после јавната расправа е вцртан, тој и други објекти во графичкиот прилог. Меѓутоа, Министерството за урбанизам и градежништво при давањето согласност за спроведување на Планот, согласноста ја дало само за опфатот во границите на Предлогот на Планот што е идентичен со Нацртот на Планот. Со оглед на тоа што измените и дополнувањата на Планот на одделни микро локации не биле во Нацрт на Планот тие не биле предмет на јавен увид и по нив да се произнесат граѓаните преку јавна анкета.

Планирањето со Деталниот план на спорниот објект со катност П+М+4+Пк во населба со исклучиво индивидуална станбена градба не било во согласност и со Генералниот урбанистички план на град Скопје бидејќи подрачјето според овој план претставува зона за домување со градини во која не била дозволена градба за колективно становање.

Со иницијативата се бара Судот да донесе и решение за запирање на извршувањето на поединечните акти и дејствија што се преземени врз основа на оспорената одлука, со оглед на тоа што со нивното извршување можат да настанат неотстранливи штетни последици.

6. Судот на седницата утврди дека нацртот за донесување Одлука за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за урбанистичките единици „Карпош I и II" – Скопје, е утврден од Собранието на Град Скопје на седницата одржана на 8 ноември 1996 година, по претходно добиено мислење и извршена стручна ревизија од надлежните органи и организации. Нацртот бил изложен на јавен увид во месните заедници Карпош I и Карпош II, а јавната расправа по Планот во месните заедници е одржана на 14 јануари 1997 година, односно на 17 јануари 1997 година. По одржувањето на јавната расправа е составен извештај за прифатените и за неприфатените забелешки со образложение, врз основа на што е изготвен предлог на Одлуката кој му е доставен на Советот на Општина Карпош на усвојување. Министерството за урбанизам, со овој акт бр. 18-493/4 од 16 април 1998 година дало согласност за спроведување на оспорената одлука за опфат даден во графичкиот прилог на Предлог на Планот.

7. Според член 56 од Законот за просторното и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/96, 28/97), урбанистичките планови за кои постапката за нивното донесување е започната пред влегувањето во сила на овој закон, ќе продолжи според одредбите на овој закон. Според ставот 2 на овој член деталните урбанистички планови чија постапка за донесување е започната од Градот Скопје ќе се донесат од општината од подрачјето на Градот Скопје за чие подрачје се однесува планот.

Означената одредба има предвид ситуација кога постапката за донесување на деталните урбанистички планови е започната пред стапување во сила на Законот за просторното и урбанистичко планирање, односно регулира преоден режим.

Според мислењето на Судот продолжување на постапката за донесување на деталните урбанистички планови подразбира преземање на плановите во фазата во која се нашле пред влегувањето во сила на Законот, што значи и со сите преземени дејствија во постапката за донесување на плановите.

8. Според член 11 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање деталниот урбанистички план содржи особено: план на намена на просторот и објектите, план на градежни парцели и површини за изградба на објекти определени со регулациони и градежни линии, максимална висина на објектите и други поблиски услови за изградба, план на сообраќајна мрежа со нивелманско решение и мрежа на оски со геодетски податоци, решенија за секундарни водови и објекти на инфраструктура, услови за спречување на архитектонските бариери, урбани санациони мерки и плански мерки за заштита и унапредување на животната средина и природата, природното и градителското наследство, за заштита од воени разурнувања, природни и технолошки непогоди, одредби за спроведување на планот, биланси показатели и соодветни графички прикази.

Означената одредба ја определува содржината на деталниот урбанистички план, односно што особено мора да содржи деталниот план, што не значи дека не може да содржи и некои други елементи што ја чинат содржината на планот. Меѓутоа, според мислењето на Судот деталниот план не може да се смета дека не е донесен во согласност со законот ако како елемент на содржината од предлогот на планот не се означени извештај на надлежниот орган за спроведена анкета, во случајов од одржана јавна расправа и ако не ги содржи резултатите од стручната расправа, како и мислење од Министерството за урбанизам за спроведување на деталниот план, односно тоа што не се наведени во одлуката не значи и дека постапката за донесување на планот не е спроведена согласно Законот.

Меѓутоа согласно член 17 од Законот за просторното и урбанистичко планирање, плановите од член 7 на овој закон (просторните и урбанистичките планови) се изработуваат како нацрт и предлог на план. По нацртот на планот се организира стручна расправа, а по нацрт на деталните планови се организира јавна анкета со излагање на планот на јавно место најмалку 15 дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот, доставуваат писмени забелешки (член 18 од Законот).

Во членот 52 став 2 од Законот е предвидено дека до основање на јавно претпријатие од член 15 од Законот, изработката на плановите од член 7 на овој закон, како и довршувањето на започнатите планови, ќе го вршат претпријатијата регистрирани за изработка на просторни и урбанистички планови, што значи дека изработката на плановите, од неговото порачување до утврдување на нацртот на планот од надлежниот орган на општината претставува техничко прашање, односно не претставува фаза во постапката за донесување на планот, ниту пак може да предизвика правни последици во однос на донесувањето на плановите или пак во поглед на правата и обврските на граѓаните во постапката за донесување. Со други зборови, според мислењето на Судот постапката за донесување на деталните урбанистички планови започнува со донесување одлука од надлежниот орган за прифаќање на предлогот за донесување на планот и утврдување на нацртот на планот.

При неспорен факт дека Законот за просторното и урбанистичко планирање влегол во сила на 2 февруари 1996 година, а предлогот за донесување со нацртот на оспорениот план од Советот на Град Скопје се усвоени на седницата одржана на 8 ноември 1996 година, односно по влегување во сила на Законот, во случајов не може да се прифати мислењето дека оспорениот план претставува ситуација која го уредува преодниот режим за донесување на деталните планови. Имено, со оглед на тоа што постапката за донесување на плановите не започнува со изработка на плановите од страна на овластена организација, туку со акт на надлежниот орган, во случајов со акт за усвојување на предлогот за донесување на планот и утврдување на нацртот планот, постапката за донесување на оспорениот план требало целосно да се спроведе по Законот за просторното и урбанистичко планирање, поради што Судот смета дека

основано може да се постави прашањето за неговата законитост од овој аспект.

Според член 22 став 6 од Законот, урбанистичките планови од ставовите 3, 4 и 5 на овој член, можат да се спроведуваат по издавање на согласност од Министерството надлежно за работите на урбанизмот, а според ставот 7, исто на овој член, плановите за кои не е издадена согласност од став 6 на овој член (да можат да се спроведуваат), се сметаат дека не се донесени.

Тргнувајќи од согласноста за спроведување на оспорениот план издадена од Министерството за урбанизам и градежништво, односно дека согласноста се однесува само на спроведување на Планот во границите на опфатот утврдени со текстуалниот дел на Одлуката (член 1) и графичкиот прилог, а спорниот објект и другите објекти од другата страна на улицата „Орце Николов" се надвор од опфатот на утврдената граница, од означената законска одредба произлегува дека тој дел од Планот не е донесен, па според тоа не може да биде предмет на оценување на неговата законитост пред овој суд. Всушност тој дел од Планот не постои.

9. Според член 27 од Деловникот на Судот, Уставниот суд може во текот на постапката, до донесувањето на конечната одлука, да донесе решение за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија преземени врз основа на закон, друг пропис или општ акт чија уставност односно законитост ја оценува, доколку со неговото извршување би можеле да настанат тешко отстранливи последици.

Судот оцени дека со извршувањето на оспорената одлука можат да настанат тешко отстранливи последици поради кое одлучи да ги запре од извршување поединечни акти или дејствија што се преземени врз основа на оваа одлука.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1, 2 и 3 од ова решение.

10. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот д-р Милан Недков и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Кљешки, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Јован Проевски, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Џунов.

У.бр. 159/99
29 декември 1999 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
д-р **Милан Недков,** с.р.

---

**233.**

Врз основа на член 8 од Законот за Републичкиот судски совет („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/92 и бр. 50/99), Републичкиот судски совет од вториот состав, на Конститутивната седница одржана на 7 февруари 2000 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СУДСКИ СОВЕТ

I. За претседател на Републичкиот судски совет се избира Рафаил Черепналкоски, член на Републичкиот судски совет.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-31/2
7 февруари 2000 година
Скопје

Претседавач,
д-р **Кирил Чавдар,** с.р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I-СКОПЈЕ

Пред овој суд во тек е постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Валентина Стојановска од Скопје, ул."Беровска" згр.4 влез III стан бр.12 против туженот Звонко Стојановски од Скопје, со непозната адреса на живеење

Се повикува туженот во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави во овој суд или во истиот рок да ја достави својата точна сегашна адреса на живеење .Доколку туженот не се јави во овој суд ќе му биде поставен привремен застапник кој ќе ги застапува неговите интереси до право-силното окончување на постапката

Од Основниот суд Скопје I-Скопје, В П бр 165/оо.
(5622)

### ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II-СКОПЈЕ

Пред Основниот суд Скопје II- Скопје се води парнична постапка за утврдување на право на сопственост на недвижен имот по тужбата на тужителот Реџеп Вејсел од Скопје, застапуван од адв.Георги Димитров од Скопје, ул."29 Ноември" бр.56, против тужената Тасиќ Верица со непозната адреса на живеење Вредност на спорот 100.000,оо денари.

Се повикува тужената да се јави во судот лично или преку полномошник во рок од 30 дена од објавувањето на огласот Во спротивно, судот ја известува дека нејзините интереси во постапката ќе ги штити адвокатот Дејан Дончевски од Скопје, ул."Питу Гули" бр 7о, како нејзин привремен застапник се до правосилното завршување на постапката, односно додека тужената не се јави во судот

Од Основниот суд Скопје II-Скопје, VI.П.бр 266/99.
(4286)

Пред овој суд во тек е постапка за раскинување на договор по тужбата на тужителот "ИХЛАС Мотор" ДОО Скопје, против туженот Ристо Милески од Прилеп ул."Димо Наредникот" бр.38, сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува туженот во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави во Основниот суд Скопје II -Скопје, или да достави своја адреса или престојувалиште или да назначи свој полномошник .Доколку туженот не се јави во рок од 30 дена неговите интереси во постапката ќе ги штити привремен застапник поставен од Меѓуопштинскиот центар за социјални работи на општините на град Скопје, се додека туженот лично или неговиот полномошник не се појави во судот

Од Основниот суд Скопје II-Скопје, XIX П бр 2349-/99 (5263)

Пред Основниот суд Скопје II-Скопје, покренатата е постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Муртези Сурдан од Скопје, ул."Христифор Жефарович" бр.15, с.Сингелиќ, против туженот Адими Фадил од Скопје, на привремена работа во стран-ство СР Германија, со непознато место на живеење Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на општините на град Скопје со решение бр 3020-42 од 27.01.2000 за привремен старател на туженот ја пос-тави е Лилјана Митковска адвокат од

Скопје, ул."Титоведенска" бр.38, која ќе ги има правата и должностите за законски застапник на туженият се додека тој не се јави пред судот

Основен суд Скопје II-Скопје, XV.П.бр 2265/99 (5294)

## ОСНОВЕН СУД ВО ГОСТИВАР

Пред Основниот суд во Гостивар се води процесна постапка за основ на сопственост по основ на купопродажба по тужбата на тужителите Ибраими Екрем и Ибраими Јазим од Гостивар, ул "18 Ноември" бр.168, застапувани од полномошникот Владе Богдановски адвокат од Гостивар, против тужените Мена Ресмије од Гостивар ул."Мајор Чеде Филиповски" бб, Исмаили Резак со непозната адреса во Р Словачка и Пеливани Сеадет со непозната адреса во Република Турска

Бидејќи тужените се со непозната адреса на истите за привремен застапник им се поставува Алии Елеса, стручен соработник при Основниот суд во Гостивар

Од Основниот суд во Гостивар, П.бр.23/2000 г (5329)

Пред Основниот суд во Гостивар заведен е спор за физичка делба на недвижен имот по предлог на предлагачот Хамдијашар Естијачка застапуван од полномошникот Агрон Салиу од Гостивар, против, противниците Шукри Бајрами од Гостивар, Хидајет Естијачка со непозната адреса во Р Турција и Селвет Естијачка со непозната адреса во Р Турција.

Бидејќи тужените се со непозната адреса за привремен застапник им се поставува Алии Елеса стручен соработник при Основниот суд Гостивар

Од Основниот суд Гостивар, П бр.23 2000 (5332)

## ОСНОВНИОТ СУД ВО СТРУМИЦА

Пред Основниот суд во струмица се води граѓанска постапка за долг по тужбата на тужителот Божидар Грчиќ од Струмица, против туженият Ацо Мацунков од Струмица Вредност на спорот 6 250 германски марки

За привремен застапник на туженият се назначува Валентина Митева, стручен соработник во Основниот суд во Струмица, која ќе ги застапува интересите на туженият се до појавувањето на туженият или негов полномошник пред овој суд.

Се повикува туженият да се јави во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" или да испрати свој полномошник

Од Основниот суд во Струмица, П бр 1553/99 (5295)

## ОСНОВЕН СУД ВО КОЧАНИ

Пред Основниот суд во Кочани се води постапка за надомест на штета по тужбата на тужителот Стојко Николов од с.Облешево, против туженият Јовче Миленковски од с.Облешево на привремена работа во Австрија со непозната адреса Вредност на спорот 28 542.оо денари

Се повикува туженият во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави во судот, или определи свој полномошник Во спротивно, по судот за привремен застапник на туженият ќе го определи Благојчо Стоименов, стручен соработник во Основниот суд во Кочани, кој ќе ги застапува интересите на туженият до окончување на постапката

Од Основниот суд во Кочани, П бр 511/99 (5696)

## ОСНОВЕН СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд води спор за долг по тужбата на Данмир Алији од с.Порој, против Блерим Касами од с Порој., сега со непозната адреса во странство

Се повикува туженият да се јави во рок од 15 дена по објавувањето на огласот да достави адреса на судот или постави свој полномошник. Во спротивно, судот во определениот рок ќе му постави привремен старател кој ќе го води спорот во негово име

Од Основниот суд во Тетово, П бр 1051/99 (5697

Пред Основниот суд во Тетово се води спор за развод на брак по тужбата на тужителот Садики Мевлан од с.Непроштено-Тетовско против тужената Садики Куртиме родена Сула од с Татеши-Струшко, сега со непозната адреса во Швајцарија

Се повикува тужената да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во судот да достави точна адреса или означи свој полномошник во постапката Во спротивно, судот преку Центарот за социјални работи на тужената ќе и определи привремен старател кој ќе ги штити нејзините права и интереси со правосилното окончување на постапката.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр.853/99. (5698)

Пред овој суд се води спор за развод на брак по тужбата на тужителот Зендел Баким од с Жеровјане, против Катлеен Скорупта од Бурцен СР Германија со непозната адреса во Германија

Се повикува тужената да се јави во рок од 30 дена во Основниот суд во Тетово Доколку истата во овој рок не се јави или не одреди свој полномошник судот ќе и постави привремен старател кој ќе се грижи за нејзините права и интереси во постапката.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр.108/2000 (5699)

## ЗАПИШУВАЊЕ ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР

Врз основа на член 17 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал АДМС „Агропромет" – Струмица

ОБЈАВУВА

Дека Комисијата на Владата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, на седницата одржана на 31.01.2000 година, донесе Одлука за трансформација на претпријатието, во согласност со Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Трансформацијата на Претпријатието исто ќе се изврши со продажба на идеален дел на претпријатието.

Со содржината на Одлуката сите заинтересирани домашни и странски правни лица ќе можат да се запознаат преку непосреден увид, во деловните простории на Агенцијата на Република Македонија за приватизација (кај проект менаџерот) на ул. „Никола Вапцаров" бр. 7 – Скопје, секој работен ден од 12 до 15 часот.

---

Врз основа на член 17 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал „Ветеринарна станица" – Св. Николе.

ОБЈАВУВА

Дека Комисијата на Владата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал на седницата одржана на 26.01.2000 година, донесе Одлука за трансформација на претпријатието, согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Трансформацијата на претпријатието ќе се изврши со: откуп на претпријатието од страна на вработените.

Со содржината на Одлуката сите заинтересирани домашни и странски правни лица ќе можат да се запознаат преку непосреден увид, во деловните простории на претпријатието, кое се наоѓа на ул. „Вељко Влаховиќ" бр. 182 во време од 7 до 15 часот.

Врз основа на член 17 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал Градежно занатската задруга „Слобода" -Скопје

ОБЈАВУВА

Дека Комисијата на Владата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал на седницата одржана на 8.12.1999 година, донесе Одлука за трансформација на претпријатието, согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Задругата не подлежи на трансформација.

Со содржината на Одлуката сите заинтересирани домашни и странски правни лица ќе можат да се запознаат преку непосреден увид, во деловните простории на претпријатието, кое се наоѓа на ул. „513" бб, во време од $7^{00}$ до $14^{00}$ часот.

---

## ЈАВНИ ПОВИЦИ

Врз основа на член 10 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ" бр. 26/98), Комисијата за јавни набавки во ЈП Електростопанство на Македонија – Скопје објавува

### ОТВОРЕН ПОВИК БР. 01-38/2000

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1. Набавувачот на отворениот повик бр. 01-38/2000 е ЈП „Електростопанство на Македонија", со седиште на ул. „11 Октомври" бр. 9, Скопје.

1.2. Предметот на набавката е прибирање на понуди за: дополнителни теренски истражни работи на преградно место ХЕЦ „Матка 2" на р. Треска, според програма и предмер на работите.

1.3. Повикот е јавен, отворен и анонимен, со право на учество на сите домашни и странски правни и физички лица.

1.4. Постапката на повикот се спроведува со отворен повик согласно Законот за јавните набавки.

2. ОБЕМ НА НАБАВКАТА – ИЗВЕДБАТА

2.1. Дополнителни теренски истражни работи на преградно место ХЕЦ „Матка 2" на р. Треска, во се според усвоената Програма за истражување со предмер на работите.

2.2. Комплетната техничка документација заинтересираните понудувачи можат да ја подигнат во ЈП „Електростопанство на Македонија", ул. „Орце Николов" бб, 91000 Скопје, нова зграда, соба 406, од 11 до 13 часот, контакт телефон 149-088.

3. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

3.1. Понудата треба да го содржи името, адресата и седиштето на изведувачот на работите и евентуалните подизведувачи.

3.2. Понудата треба да го опфати целиот обем на набавката.

3.3. Понудата треба да ги содржи сите единечни и вкупни цени, а во се според описот на позициите од даденият предмер на работите.

3.4. Понудата треба да го содржи начинот на плаќање.

3.5. Понудата треба да го содржи рокот за извршување на работите.

3.6. Понудата треба да има рок на важност.

3.7. Понудите од странските понудувачи (документација која се бара и комерцијалната понуда), треба да бидат преведени на македонски јазик.

4. ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА

4.1. Понудувачот треба да приложи доказ за финансиската и економската способност согласно член 22 од Законот за јавните набавки.

Домашните понудувачи треба да приложат документ за бонитет кој го издава институцијата за платен промет, а

странските понудувачи согласно член 22 став 3 од Законот за јавните набавки.
Документот за бонитет треба да биде оригинал или заверена копија верна на оригиналот.
4.2. Понудувачот треба да достави доказ дека на понудувачот не се однесува ниту еден од случаите наведени во став 1 од член 24 од Законот за јавните набавки (оригинални документи или заверени копии верни на оригиналот).
4.3. Понудувачот треба да достави доказ за техничката способност, согласно член 23 од Законот за јавните набавки:
4.3.1. Понудувачот треба да достави референтна листа за досегашни работи од ваков вид,
4.3.2. Понудувачот треба да достави доказ за техничка опременост за изведување на ваков вид работи,
4.3.3. Понудувачот треба да достави доказ за кадровска опременост за изведување на ваков вид работи.
4.4. Претставниците на понудувачите треба да дадат писмено овластување за учество на отвореният повик, согласно член 29 став 2 од Законот за јавните набавки.

5. КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ

(согласно член 25 од Законот за јавните набавки).
5.1. Цена на набавката – 70 бода,
5.2. Техничка способност согласно точка 4.3. од ова барање – 20 бода,
5.3. Рок за извршување на работите – 5 бода,
5.4. Начин и услови на плаќање – 5 бода.

6. НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ
6.1. Понудата се доставува согласно член 52, 53 и 54 од Законот за јавните набавки.
6.2. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.
6.3. Рокот за доставување на понудата е најдоцна до денот и часот на јавното отворање.
6.4. Понудувачите своите понуди треба да ги достават на следната адреса ЈП „Електростопанство на Македонија“, за Комисијата за јавни набавки, ул. „11 Октомври“ бр. 9, 91000 Скопје.
6.5. Отворање на понудите ќе се изврши на ден, 24.02.2000 во 11 часот, во просториите на ЈП „Електростопанство на Македонија“, ул. „11 Октомври“ бр. 9, Скопје, стара зграда, подрумска сала за состаноци, во присуство на овластените претставници на понудувачите.
6.6. Понудите кои нема да бидат доставени до утврдениот рок и оние кои не се изработени според барањата на отвореният повик, како и оние кои немаат целокупна документација која се бара во отвореният повик, нема да се разгледуваат.

Комисија за јавни набавки

---

Врз основа на член 10 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр. 26/98), Комисијата за јавни набавки во ЈП Електростопанство на Македонија – Скопје, објавува

## ОТВОРЕН ПОВИК БР. 01–36/2000 ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ СО ЈАВНО ОТВОРАЊЕ ЗА НАБАВКА НА ЛИМОВИ

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ
1.1. Набавувачот на Јавниот повик бр. 01–36/2000 е ЈП „Електростопанство на Македонија“, со седиште на ул. „11 Октомври“ бр. 9, Скопје.
1.2. Предмет на набавката е прибирање на понуди за набавка на лимови за РЕК „Битола“ и РЕК „Осломеј“.
1.3. Повикот е јавен, отворен и анонимен, со право на учество на сите домашни и странски правни и физички лица.
1.4. Постапката на повикот се спроведува со Отворен повик согласно Законот за јавните набавки.

2. ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
2.1. Спецификацијата на лимовите за потребите на РЕК „Битола“ и РЕК „Осломеј“, понудувачите можат да ја подигнат во административната зграда на ЈП ЕСМ, на ул. „11 Октомври“ бр. 9, Скопје, на деветти кат, во службата за заеднички набавки, соба бр. 1, секој работен ден од 12 до 14 часот.

3. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА
3.1. Понудата треба да го содржи името, адресата и седиштето на понудувачот.
3.2. Понудата треба да го содржи називот на производителот на лимовите дадени во спецификацијата.
3.3. Понудата треба да ја содржи единечната цена по тон и вкупните цени за секоја позиција, како и вкупната вредност на целата набавка (со сите давачки согласно член 54 став 3 од Законот за јавните набавки – ако набавката е од странство), на паритет ДДП РЕК „Битола“ и ДДП РЕК „Осломеј“, изразена во УСА$.
3.4. Понудата треба да го содржи начинот на плаќање.
3.5. Понудата треба да го содржи рокот на испорака.
3.6. Понудата треба да има рок на важност.
3.7. Понудите со пропратната документација од странските понудувачи треба да бидат преведени на македонски јазик.

4. ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА
4.1 Понудувачот треба да приложи доказ за финансиска и економска способност согласно член 22 од Законот за јавните набавки.
Домашните понудувачи треба да приложат документ за бонитет кој го издава институцијата за платен промет, а странските понудувачи спрема став 3 од член 22 од Законот.
Документот за бонитет треба да е оригинал или заверена копија верна на оригиналот.
4.2 Понудувачот треба да достави доказ за техничката способност, согласно член 23 од Законот:
– список на главни испораки на лимовите (дадени во спецификацијата), во последните три години со датуми, количини и примачи;
– сертификат од надлежна институција за контрола на квалитетот на производот.
4.3 Понудувачот треба да достави доказ дека на понудувачот не се однесува ниту еден од случаите наведени во став 1 од член 24 од Законот за јавните набавки.
4.4 Претставниците на понудувачот треба да дадат писмено овластување за учество на јавниот повик, согласно член 29 став 2 од Законот за јавните набавки.

5. КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ (согласно член 25 од Законот за јавните набавки)

– цена на чинење . . . . . 50 поени;
– начин на плаќање . . . . . 30 поени;
– рок на испорака . . . . . 20 поени;

6. НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДАТА

6.1 Понудата се доставува согласно член 52, 53 и 54 од Законот за јавните набавки.
6.2 Секој понудувач може да учествува само со една понуда
6.3 Рок на доставување на понудата е најдоцна до денот и часот на јавното отворање.

6.4 Понудувачите своите понуди треба да ги достават на следната адреса: ЈП „Електростопанство на Македонија", Комисија за јавни набавки, ул. „11 Октомври" бр. 9, 91000 Скопје.
6.5 Отворање на понудите ќе се изврши на ден 29.02.2000 година, во 11:00 часот, во просториите на ЈП „Електростопанство на Македонија", стара зграда, сала за состаноци, 3 кат, на улица „11 Октомври" бр. 9, Скопје во присуство на овластените претставници на понудувачите.
6.6 Понудите кои нема да бидат доставени до утврдениот рок и оние кои не се изработени според барањата во Отворениот повик, како и оние кои ја немаат целокупната документација која се бара во Отворениот повик, нема да се разгледуваат.

Комисија за јавни набавки

---

Врз основа на член 10 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ" бр. 26/98), Комисијата за јавни набавки во ЈП „Електростопанство на Македонија" – Скопје објавува

## ОТВОРЕН ПОВИК БР. 01–39/2000 ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА НАБАВКА НА ПРЕКИНУВАЧИ, СО ЈАВНО ОТВОРАЊЕ

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ
1.1 Набавувачот на јавниот повик бр. 01-39/2000 е ЈП „Електростопанство на Македонија", со седиште на ул. „11 Октомври" бр. 9, Скопје.
Тополен прекинувач за внатрешна монтажа:

| | |
|---|---|
| – номинален напон | 35 kV |
| – највисок погонски напон | 38 kV |
| – фрекренција номинална | 50 Hz |
| – прекинувачот да има еден електромотор ен погон за тополна работа вкл/искл. | 220 V AC/DC |
| – номинален напон за сигнализација и командување | 220 V DC |
| – номинална струја | 1250A |
| – номинална струја на исклучување | 20 kA |
| – номинална струја на вклучување | 50 kA |
| – средство за гасење на лакот и изолација | гас SF6 |
| – поднослив напон 50 Hz 1 мин. | 70 kV |
| – поднослив уреден напон (1,2/50 μS) | 170 kV |
| – прекинувачот да одговара на стандардот | IEC 56 (1987) |
| – потребно е да се даде времето на вкл/искл. | |
| – контактите на сигналната склопка да се за 10 А бројот на мирни и работни контакти 9/9 и редни стегалки за проводник 6 мм$^2$ | |
| – количина | 14 парчиња. |

1.2. Повикот е јавен, отворен и анонимен, со право на учество на сите домашни и странски правни и физички лица.
1.3. Постапката на повикот се спроведува со Отворен повик согласно Законот за јавните набавки.
2. РАСПРЕДЕЛБА НА НАБАВКАТА ПО ПОДРУЖНИЦА ВО Ј.П. „ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА"
2.1. Прекинувачите се за Подружница Ел. „Пренос" Скопје.
3. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА
3.1. Понудата треба да го содржи името, адресата и седиштето на понудувачот.
3.2. Понудата треба да го содржи називот на производителот на стоката.
3.3. Понудата треба да ги содржи сите единечни и вкупни цени за секоја позиција од обемот на набавката, како и фиксна вкупна цена на целата набавка (со сите давачки согласно член 54 став 3 од Законот за јавни набавки – ако набавката е од странство) на паритет (нагласен во понудата) ДДП Скопје, изразена во ДЕМ со посебно искажан данок на вкупната вредност на стоката.
3.4. Понудата треба да го содржи начинот на плаќање.
3.6. Понудувачот е должен да ги запази техничките карактеристики на набавката, при што тие треба да се во согласност со стандардите во Република Македонија и со меѓународните стандарди кои се прифатени во Република Македонија (член 19 од Законот за јавните набавки).
3.7. Понудувачот треба да даде понуда за целокупниот обем и количина на набавката.
3.8. Понудата треба да го содржи рокот на испорака на стоката.
3.9. Понудата треба да има рок на важност.
3.10. Понудите со пропратната документација од странските понудувачи треба да бидат преведени на македонски јазик.

4. ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА
4.1. Понудувачот треба да приложи доказ за финансиска и економска способност согласно член 22 од Законот за јавните набавки. Домашните понудувачи треба да приложат документ за бонитет кој го издава институцијата за платен промет, а странските понудувачи согласно член 22 став 3 од Законот за јавните набавки. Документот за бонитет треба да биде оригинал или заверена копија верна на оригиналот.
4.2. Понудувачот треба да достави доказ за техничката способност, согласно член 23 од Законот за јавните набавки.
4.2.1 Понудувачот треба да достави список на испораки на ваков вид стоки во последните 3 години со количина, датуми и примачи.
4.3. Понудувачот треба да достави доказ дека на понудувачот не се однесува ниту еден од случаите наведени во член 24 од Законот за јавните набавки.
4.4. Претставниците на понудувачите треба да дадат писмено овластување за учество на јавниот повик, согласно член 29 став 2 од Законот за јавните набавки.

5. КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ (согласно член 25 од Законот за јавните набавки) 5.1. цена – 40 поени;
5.2. начин на плаќање – 20 поени;
5.3. рок на испорака – 10 поени;
5.4. квалитет – 30 поени.

6. НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ
6.1. Понудата се доставува согласно член 52, 53 и 54 од Законот за јавните набавки.
6.2. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.
6.3. Рок на доставување на понудата е најдоцна до денот и часот на јавното отворање.
6.4. Понудувачите своите понуди треба да ги достават на следната адреса ЈП „Електростопанство на Македонија", за Комисијата за јавни набавки, ул. „11 Октомври" бр. 9, 91000 Скопје.
6.5. Отворање на понудите ќе се изврши на ден 28.02.2000 во 11 часот, во просториите на ЈП „Електростопанство на Македонија", ул. „11 Октомври" бр. 9, Скопје, стара зграда, сала за состаноци, подрумски простории во присуство на овластените претставници на понудувачите.
6.6. Понудите кои нема да бидат доставени до утврдениот рок и оние кои не се изработени според барањата на отворениот повик, како и оние кои немаат целокупна документација која се бара во отворениот повик, нема да се разгледуваат.

Комисија за јавни набавки

Врз основа на член 10 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ" бр. 26/98), Комисијата за јавни набавки во ЈП „Електростопанство на Македонија" – Скопје објавува

**ОТВОРЕН ПОВИК БР. 01-33/2000**
**ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ СО ЈАВНО ОТВОРАЊЕ ЗА РЕМОНТ НА РОТОР НА ГЕНЕРАТОР**

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1. Набавувачот на Јавниот повик бр. 01-33/2000 е ЈП „Електростопанство на Македонија", со седиште на ул. „11 Октомври" бр. 9, Скопје.
1.2. Предмет на набавката е прибирање на понуди за ремонт на ротор на генератор тип TGH–120 инсталиран во ТЕ „Осломеј" – Кичево.
1.3. Повикот е јавен, отворен и анонимен, со право на учество на сите домашни и странски правни и физички лица.
1.3. Постапката на повикот се спроведува со Отворен повик согласно Законот за јавните набавки.

2. ОБЕМ НА РАБОТИТЕ

Програмата за реконструкција и модернизација на роторот од турбогенераторот при TGH–120, понудувачите можат да ја подигнат во Подружница РЕК „Осломеј" – Кичево секој работен ден, кај Димитриески Лазе, тел. 095/36-960.

3. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

3.1. Понудата треба да го содржи името, адресата и седиштето на понудувачот.
3.2. Понудата треба да ја содржи вкупната вредност на целата набавка (со сите давачки согласно член 54 став 3 од Законот за јавните набавки – ако набавката е од странство), на паритет ДДП РЕК „Осломеј", изразена во ДЕМ.
3.3. Понудата треба да го содржи начинот на плаќање.
3.2. Понудувачот треба да даде понуда за целокупниот обем на работите дадени во Програмата, со преземање на роторот од РЕК „Осломеј" и негово донесување назад, со комплетно осигурување при транспортот.
3.3. Понудата треба да го содржи рокот на извршување на ремонтот.
3.4. Понудата треба да има рок на важност.
3.5. Понудувачот треба да обезбеди докази за техничка способност, специфицирани во Програмата за реконструкција и модернизација на роторот.
3.6. Понудите со пропратната документација од странските понудувачи треба да бидат преведени на македонски јазик од овластен преведувач.

4. ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА

4.1. Понудувачот треба да приложи доказ за финансиска и економска способност согласно член 22 од Законот за јавните набавки.
Домашните понудувачи треба да приложат документ за бонитет кој го издава институцијата за платен промет, а странските понудувачи спрема став 3 од член 22 од Законот.
Документот за бонитет треба да е оригинал или заверена копија верна на оригиналот.
4.2. Понудувачот треба да достави доказ дека на понудувачот не се однесува ниту еден од случаите наведени во став 1 од член 24 од Законот за јавните набавки.
4.3. Претставниците на понудувачот треба да дадат писмено овластување за учество на јавниот повик, согласно член 29 став 2 од Законот за јавните набавки.
4.4. Понудувачите треба да достават банкарска гаранција во висина од 5% од вредноста на понудата, согласно член 55 од Законот за јавните набавки.

5. КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ (согласно член 25 од Законот за јавните набавки):

– цена на чинење . . . . . 40 поени;
– гаранција за извршен ремонт и модернизација на роторот . . . . . 30 поени;
– рок на ремонтот . . . . . 20 поени;
– начин на плаќање . . . . . 10 поени;

6. НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДАТА

6.1. Понудата се доставува согласно член 52, 53 и 54 од Законот за јавните набавки.
6.2. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.
6.3. Рок на доставување на понудата е најдоцна до денот и часот на јавното отворање.
6.4. Понудувачите своите понуди треба да ги достават на следната адреса: ЈП „Електростопанство на Македонија" Комисија за јавни набавки ул. „11 Октомври" бр. 9, 91000 Скопје.
6.5. Отворање на понудите ќе се изврши на ден 06.03.2000 година, во 11:00 часот, во просториите на ЈП „Електростопанство на Македонија", стара зграда, сала за состаноци, 3 кат, на улица „11 Октомври", бр. 9, Скопје во присуство на овластените претставници на понудувачите.
6.6. Понудите кои нема да бидат доставени до утврдениот рок и оние кои не се изработени според барањата во Отворениот повик, како и оние кои ја немаат целокупната документација која се бара во Отворениот повик, нема да се разгледуваат.

Комисија за јавни набавки

---

Врз основа на член 14 и 48 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ" бр. 26/98), Комисијата за јавни набавки на ЈП Македонска Радиодифузија Скопје, објавува

**ОТВОРЕН ПОВИК БР. 1/2000**
**ЗА НАБАВКА НА ПРЕДАВАТЕЛНА И РЕПЕТИТОРСКА УКБ – ВХФ – ФМ РАДИО ОПРЕМА**

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1. Набавувач на отворениот повик бр. 1/2000 е Јавното Претпријатие Македонска Радиодифузија Скопје, со седиште во Скопје, Република Македонија, булевар „Гоце Делчев" б.б.
1.2. Предмет на набавката е предавателна и репетиторска УКБ – ВХФ – ФМ радио опрема.
1.3. Видот и количината, како и други елементи на набавката се презентирани во тендерската документација.
1.4. Повикот е јавен, отворен и анонимен, со право на учество на сите домашни и странски правни и физички лица регистрирани за ваков вид на дејност.

2. ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

2.1. Тендерската документација може да се подигне во Јавното Претпријатие Македонска Радиодифузија Скопје, Сектор репетиторска техника, канцеларија број 1615, секој работен ден од $10^{00}$ до $12^{00}$ часот. На заинтересираните понудувачи од странство тендерската

документација ќе им биде доставена по брза пошта на нивно барање.

2.2. Износот на надоместокот што треба да се плати при подигање или достава на тендерската документација е неповратен и изнесува:

– за понудувачи од Републиката 150 ДЕМ, во денарска противвредност според средниот курс на НБМ на денот на уплатата, на жиро сметка 40100-601-407770, ЕДБ 4030998340269, депонент на АД Комерцијална банка Скопје.

– за понудувачи од странство 400 ДЕМ, на сметка број 25730522-21743 на Јавното Претпријатие Македонска Радиодифузија Скопје во АД Комерцијална банка Скопје, кај „Димитар Влахов" бр. 4, 91000 Скопје.

2.3 Услов за учество на тендерот е задолжителен откуп на тендерската документација. Доказот за извршена уплата се презентира најдоцна на денот на отворањето на понудите. Во случај доказот за извршена уплата да не биде поднесен ниту во конечниот рок, ќе се смета дека понудувачот се откажал и неговата понуда нема да се разгледува.

## 3. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

3.1. Понудата задолжително треба да ги содржи: називот, адресата и седиштето на понудувачот.

3.2. Во понудата треба да бидат наведени докази за техничката способност на понудувачот (согласно член 23 од Законот за јавните набавки) како гаранција за квалитетно работење:

– референтна листа на главните испораки на овој тип на опрема во последните три години со износи, датуми и примачи

– техничка опременост, опис на техничките постројки со кои располага понудувачот, односно производителот, мерки превземени за обезбедување на квалитетот и активности на полето на развојот на радиодифузната опрема

– кадровска структура

– технички каталози за произведената опрема

– сертификат од надлежна институција за контрола на квалитет на производот, со кој се потврдува сообразеноста со дадените спецификации или стандарди за набавките.

3.3. Понудувачот кон понудата задолжително да ја достави следната придружна документација:

– документ за бонитет, чија содржина е пропишана од Министерот за финансии со Правилник, согласно член 22 од Законот за јавните набавки

– доказ дека против понудувачот не е покрената постапка за стечај или постапка за ликвидација, како и дека не му е изречена мерка на безбедност – забрана за вршење на дејност, издадена од страна на судот, согласно со член 24 од Законот за јавните набавки.

За странски лица кои ќе учествуваат на отворениот повик неопходно е да достават:

– сертификат за бонитет со извештај и мислење, издаден од професионално репрезентативно тело на индустрија, трговија или на професионално здружение во кое се наоѓа седиштето на понудувачот, односно ревизорски извештај од независна ревизорска институција

– доказ дека понудувачот не е под стечај или во процес на ликвидација.

Сите придружни документи потребно е да бидат доставени во оригинал. Доколку се доставува фотокопие истото треба да биде заверено од нотар.

3.4. Кон понудите треба да биде приложена Гаранција за понудата во износ од 5% од вредноста на понудата, во валута истоветна со валута во која е искажана понудата, издадена од една од истакнатите банки во земјата на понудувачот. Гаранцијата ќе биде вратена до понудувачите по избор на најповолниот понудувач.

3.5. Понудата треба да содржи цена за секоја позиција од спецификацијата поединечно и вкупно.

3.6. Понудите може да се однесуваат на целата опрема, но може да се поднесат и за дел од неа.

## 4. ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

4.1. Понудите задолжително се доставуваат во три примерока: еден оригинал и две копии, секој потпишан од одговорното лице на понудувачот.

4.2. Понудите се испраќаат во затворен плик, кој содржи уште два исто така затворени и запечатени пликови. Надворешниот плик во горниот лев агол ја носи ознаката „не отворај пред..." како и бројот на јавниот повик „отворен повик бр. 1/2000". На средината на пликот треба да биде назначена адресата на набавувачот. Пликот не треба да содржи никаква ознака со која би можел евентуално да се идентификува понудувачот.

4.3. Првиот внатрешен плик ја содржи придружната документација и ја носи ознаката „документација". Вториот внатрешен плик ја содржи понудата (цена, услови на плаќање, рок и сл.) и ја носи ознаката „понуда".

4.4. Доколку надворешниот плик не е запечатен и означен согласно барањето, нарачателот не превзема одговорност за предвремено отворање на понудата.

4.5. Во случај понудувачот да нуди опрема што не ја произведува, потребно е да достави овластување од производителот да може да ја испорача опремата.

4.6. Понудите пристигнати пред крајниот рок ќе останат неотворени сè до денот на јавното отворање.

4.7. Понудите сè доставуваат по пошта или со предавање во архивата на Јавното Претпријатие Македонска Радиодифузија Скопје, најдоцна до 08.03.2000 година во $15^{00}$ часот. Во случај на лично предавање задолжително е обезбедување доказ за датумот и времето на предавање на понудата.

## 5. РОКОВИ

5.1. Рок за доставувње на понудите е до 08.03.2000 год. до $15^{00}$ часот.

5.2. Рок за важност на понудите е 30 (триесет) дена од денот на прифаќање на понудата.

## 6. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ

6.1. Критериуми за оценка на понудите ќе бидат:

– цена, услови и начин на плаќање . . . . . .30 бода
– рок на испорака, обука и пуштање во работа . .10 бода
– референци на понудувачот за слични проекти и техничка опременост . . . . . 5 бода
– квалитет и технички карактеристики на понудената опрема. . . . . .50 бода
– гаранција, понудени услови на поддршка и одржување . . . . . 5 бода

6.2. Набавувачот не е обврзан да ја прифати најевтината понуда, доколку оцени дека истата не е и најдобра согласно останатите критериуми.

## 7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

7.1. Понудите што не се предадени во предвидениот рок, како и оние што не се изработени според барањата на отворениот повик и Законот за јавните набавки, ќе се сметаат за неважечки и нема да се земат во предвид при разгледувањето.

7.2. Отворањето на понудите ќе се изврши јавно, во присуство на претставници на понудувачите на 18.03.2000 година во $12^{00}$часот на XV кат, во салата за состаноци.

7.3. Претставниците на понудувачите своето присуство треба да го потврдат со писмено овластување за

застапување потпишано од понудувачот и истото треба да го предадат на претседателот на Комисијата за јавни набавки пред отворањето на понудите.

7.4. Трошоците за присуство на овластените претставници на понудувачите паѓаат на товар на понудувачот.

7.5. Сите документи поднесени по повикот остануваат сопственост на набавувачот, освен ако поинаку не е нагласено.

7.6. Секој понудувач има право да учествува на повикот само со една понуда.

7.7. Доколку набавувачот оцени дека ниедена од понудите не ги задоволува барањата на повикот, го здржува правото за невршење на избор.

7.8. За дополнителни информации понудувачите можат да се обратат кај одговорното лице Дренковски Михајло, на тел. 225-603 или 070 244-984 или на факс 225-520, секој работен ден.

7.9. Секое прашање, барање информација и сл. што битно се однесува на повикот упатно е да бидат поставени и потврдени во пишана форма (факс, писмо и сл.).

Комисија за јавни набавки

---

Врз основа на член 14, 15 и 18 од Законот за јавните набавки („Сл. весник на РМ" бр. 26/98), МЈП „Проаква" – Струга, објавува

## ОТВОРЕН ПОВИК БР. 1/2000
## ЗА НАБАВКА НА ГРАДЕЖНИ МАШИНИ

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1. Набавувач на овој повик е МЈП „Проавка" – Струга, „Кеј 8-ми Ноември" бб, Струга.
1.2. Предмет на набавката е: две градежни машини ровокопач – утоварувач со следните карактеристики:
– Снага сса (60–90), кs (40–70) kW,
– Длабина на копање сса 5,5 м.,
– Утоварна корпа сса 1 $м^3$.,
– Ровокопачка корпа ширина сса 0,6 м.
1.3. Постапката се спроведува со отворен повик, кој е јавен и анонимен, со право на учество на сите домашни и странски правни и физички лица, регистрирани за ваков вид дејност.

2. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

2.1. Понудата треба да содржи докази за техничка способност на понудувачот како гаранција за квалитетно работење.
– Список на главни испораки на стоки или извршени услуги во последните три години, со износите, датумите и примачите.
– Доказ за овластена дистрибуција на градежните машини од производителот или овластен дистрибутер.
2.2. Понудата треба да содржи податоци за гарантниот рок, начинот на сервисирање и одржување во гарантен рок и надвор од гарантниот рок.
2.3. Со понудата понудувачот задолжително да достави проспект за понудените градежни машини.
2.4. Понудената цена треба да биде со сите давачки, со данок на промет, а ако е од странско потекло во цената задолжително да биде внесен износот на царинските и другите давачки.
2.5. Понудувачите задолжително да ја достават следната придружна документација:
– документ за бонитет,
– извод од регистрација,
– писмена изјава на понудувачот дека не е под стечај.
2.6. Горенаведените придружни документи потребно е да бидат доставени во оригинален примерок или фотокопија заверена од нотар.

3. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ
– цена,
– квалитет,
– начин, услови и рок на плаќање,
– рок на испорака.
3.1. Рок на доставување на понудите – 15 (петнаесет дена) од денот на објавувањето на повикот во дневен печат и во („Сл. весник на РМ").
3.2. Рок на важност на понудата 90 дена од денот на прифаќањето на понудата.

4. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

4.1. Понудите треба да се достават на адреса: МЈП „Проаква" – Струга, „Кеј 8-ми Ноември" бб.
4.2. Отворањето на понудите ќе се изврши во присуство на овластени претставници на понудувачите на ден 2.03.2000 година во 11,00 часот во дирекцијата на МЈП.
4.3. Понудата се доставува во еден оригинален примерок кој треба да биде потпишан од страна на одговорни лица на понудувачот.
4.4. Понудите треба да се достават согласно член 52, 53 и 54 од Законот за јавните набавки.
4.5. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.
4.6. Понудите кои се предадени после рокот и се со некомплетна документација според повикот и Законот нема да бидат разгледани.

Комисија за јавни набавки

---

Врз основа на член 14, 15 и 18 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ" број 26/98), ЈП за поштенски сообраќај „Македонска Пошта" ц.о. Скопје објавува

## ОТВОРЕН ПОВИК БР. 3/2000
## ЗА НАБАВКА НА ТЕХНОЛОШКИ ВОЗИЛА

1. ОПШТИ УСЛОВИ

1.1. Набавувач на повикот: ЈП за поштенски сообраќај „Македонска Пошта" ц.о. Скопје – Дирекција, со седиште во Скопје, на ул. „Орце Николов" б.б.
1.2. Предмет на набавката: технолошки возила.
1.3. Вид и количина:
– 20 пик ап возила.
1.4. Квалитет: Предметот на набавка треба да биде изработен согласно постојните стандарди и нормативи.
1.5. Повикот е јавен, отворен и анонимен, со право на учество на сите домашни и странски правни и физички лица.
1.6. Спроведување на постапката: согласно Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ" бр. 26/98).
1.7. Критериуми за избор на најповолен понудувач се:
а) технички карактеристики, квалитет – 50 бода;
б) цена – 20 бода;
в) сервис, време на одзив и гаранција – 10 бода;
г) рок на испорака – 10 бода;
д) начин на плаќање – 10 бода.
1.8. Рок за поднесување на понудите: до 25.02.2000 година (петок), до 10:00 часот, кога е и јавното отворање на понудите.
1.9. Рок на важност на понудата: 60 дена од денот на прифаќање на понудата.

2. СПЕЦИФИКАЦИЈА

2.1. Спецификацијата на технолошки возила со технички карактеристики може да се подигне во архивата на Дирекцијата при ЈП за поштенски сообраќај „Македонска Пошта" ц.о. Скопје, секој работен ден од 08:00 до 14:00 часот. Износот на надоместокот кој што треба да се плати при подигање на спецификацијата е 1.500,00

денари, со уплата на жиро сметка 40100-601-409616 со даночен број 4030997339674 Стопанска Банка депонент.
2.2. Само понудувачите кои ќе ја подигнат спецификацијата ќе имаат право да поднесат понуди.

3. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

3.1. Понудата треба да го содржи името, адресата и седиштето на понудувачот.
3.2. Понудата треба исто така да содржи докази за техничка способност на понудувачот (согласно член 23 од Законот за јавните набавки), како гаранција за квалитетно работење:
– список на главни испораки на стоки или извршени услуги во последните три години со износите, датумите и примачите;
– посочување на вклучени технички лица, особено на оние задолжени за контрола на квалитетот;
– доказ за овластен дистрибутер.
3.3. Понудата треба да содржи податоци за гарантниот рок, начинот на сервисирање и одржување во гарантен рок и надвор од гарантниот рок.
3.4. Понудувачите на технолошките возила треба да достават доказ за потеклото на возилата и хомологација, како и докази за обезбеден сервис и резервни делови.
3.5. Понудувачите задолжително да ја достават следната придружна документација:
– Извештај со мислење за бонитетот на понудувачот – издаден од ЗПП на Република Македонија (согласно член 22 од Законот за јавните набавки („Сл. весник на РМ“ бр. 26/98), Правилникот за содржината на документот („Сл. весник на РМ“ бр. 32/98), во оригинален примерок или фотокопија заверена кај нотар, односно за странско правно или физичко лице, ревизорски извештај од странска ревизорска институција кои претставуваат комерцијална ревизија;
– Доказ дека понудувачот не е под стечај или во процес на ликвидација издаден од страна на судот;
– Доказ дека не му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на дејност, издаден од страна на судот, (согласно член 24 од Законот за јавните набавки).
Горенаведените придружни документи потребно е да бидат доставени во оригинален примерок или истите доколку се фотокопија да бидат заверени од страна на нотар.
– Понудувачот задолжително треба да достави проспект за понудените возила.
– Понудувачот задолжително треба да достави банкова гаранција на понудите во износ од 1% од вредноста на понудата во денари, која треба да биде доставена со придружната документација.
3.6. Понудата треба да содржи поединечна цена односно основна цена, како и вкупна цена – цена до регистрација (со вкалкулиран данок на промет и царина), во германски марки, пресметано по среден курс на Народна банка на Р. Македонија.

4. ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

4.1. Понудата се доставува во еден оригинален примерок кој треба да биде потпишан од страна на одговорно лице на субјектот.
4.2. Понудите се доставуваат препорачано по пошта или со предавање во архивата на Дирекцијата при ЈП за поштенски сообраќај „Македонска Пошта“ ц.о. Скопје, на ул. „Орце Николов“ б.б. и тоа до 10:00 часот на денот на отворањето на понудите. Понудувачите имаат задача да обезбедат докази за датумот на предавањето на понудата (потврда од архивата на Претпријатието или потврда за предадена пратка).
4.3. Понудата се доставува во запечатен плик. На предната страна од пликот, во горниот лев агол треба да биде назначено „не отворај“ како и бројот на барањето, во средината на пликот треба да биде назначена точната адреса на ЈП за поштенски сообраќај „Македонска Пошта“ ц.о. Скопје.
Во затворениот плик треба да има уште два затворени и запечатени плика.
Едниот внатрешен плик ја содржи понудата и носи ознака „понуда“, а другиот внатрешен плик ја содржи документацијата и носи ознака „документација“ и точната адреса на понудувачот.

5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

5.1. Понудите кои не се предадени во рокот, како и оние кои не се изработени според пропозициите на барањето, нема да бидат разгледувани.
5.2. Јавно отворање на понудите во присуство на овластени претставници на понудувачите ќе се изврши на 25.02.2000 година (петок) во 10:00 часот во салата за состаноци на Дирекцијата на ЈП „Македонска пошта“ ц.о. Скопје.
5.3. На отворањето на понудите ќе присуствува само претставникот на понудувачот кој на Комисијата на набавувачот ќе и предаде писмено овластување за застапување на понудувачот.
5.4. Набавувачот изборот може да го изврши од еден или повеќе понудувачи.
5.5. Секој понудувач може да учествува само со по една понуда.
За дополнителни информации, понудувачите можат да контактираат на телефон 091/105-240 и 105-214.

Комисија за јавни набавки

## ОБЈАВА

Врз основа на член 44 од Законот за данокот од добивка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/93), Заводот за статистика на Република Македонија го утврдува и објавува

### ДВИЖЕЊЕТО НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ ЈАНУАРИ 2000 ГОДИНА

Движењето на цените на мало во Република Македонија во периодот јули – декември 1999 година и јануари 2000 година, во однос на просечните цени на мало во првото полугодие од 1999 година изнесува 1,4%.

Директор,
**Светлана Антоновска**, с.р.

## СОДРЖИНА

Страница

182. Резолуција за односот и улогата на Република Македонија во Пактот за стабилност во Југоисточна Европа . . . . . 319
183. Закон за инвестиционите фондови . . . . 320
184. Закон за изменување на Законот за акцизите . . . . . 344
185. Одлука за избор на главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија . . 344
186. Одлука за денот и моментот на воведувањето и денот и моментот на завршувањето на летното сметање на времето во 2000 година . . . . . 344
187. Одлука за давање согласност на Статутот на Јавната установа Меѓуопштин-

ски центар за социјална работа во Охрид . . . . . 344
188. Одлука за пренесување на правото на користење на земјиште . . . . . 345
189. Одлука за утврдување на работното време на Министерството за стопанство 345
190. Одлука за избор на стратешки инвеститор во АД за производство на пиво и безалкохолни пијалаци – Битола . . . . . 345
191. Одлука за обезбедување на средства за финансирање на Програмата за воведување на сателитска радиодифузија во Република Македонија . . . . . 345
192. Решение за именување на претседател, потпретседател, секретар и членови на Комисијата за сметководствени стандарди . . . . . 345
193. Решение за разрешување од должноста извршен директор на Агенцијата за обнова и развој . . . . . 346
194. Решение за назначување советник на министерот за финансии . . . . . 346
195. Решение за назначување советник на министерот за финансии . . . . . 346
196. Решение за назначување советник на министерот за финансии . . . . . 346
197. Решение за назначување советник на министерот за финансии . . . . . 346
198. Решение за разрешување од должноста советник на министерот за трговија . . . 346
199. Решение за разрешување од должноста советник на министерот за трговија . . . 347
200. Решение за разрешување од должноста советник на министерот за трговија . . . 347
201. Решение за разрешување од должноста советник на министерот за трговија . . . 347
202. Решение за разрешување од должноста советник на министерот за трговија . . . 347
203. Решение за разрешување од должноста советник на министерот за трговија . . . 347
204. Решение за назначување помошник на министерот за трговија . . . . . 347
205. Решение за назначување помошник на министерот за трговија . . . . . 347
206. Решение за назначување потсекретар во Министерството за трговија . . . . . 348
207. Решение за разрешување од должноста помошник на министерот за развој . . . . 348
208. Решение за назначување потсекретар во Министерството за трговија . . . . . 348
209. Решение за назначување помошник на министерот за наука . . . . . 348
210. Решение за разрешување од должноста потсекретар во Министерството за образование . . . . . 348
211. Решение за назначување советник на министерот за наука . . . . . 348
212. Решение за разрешување од должноста помошник на министерот за образование . . . . . 348
213. Решение за назначување помошник на министерот за внатрешни работи . . . . . 349
214. Решение за разрешување од должноста помошник на министерот за внатрешни работи . . . . . 349
215. Решение за назначување советник на министерот за внатрешни работи . . . . . 349
216. Решение за разрешување од должноста потсекретар во Министерството за образование . . . . . 349
217. Решение за разрешување од должноста помошник на министерот за правда . . . . 349
218. Решение за назначување помошник на министерот за правда . . . . . 349
219. Решение за разрешување од должноста член на Управниот одбор на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонија пат" – Скопје . . . . . 349
220. Решение за разрешување од должноста вршител на должноста директор на Домот на културата „Иљо Антески – Смок" – Тетово . . . . . 350
221. Решение за разрешување и именување претседател и членови на Комисијата за хартии од вредност . . . . . 350
222. Решение за разрешување од должноста помошник на директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија . . . . . 350
223. Решение за разрешување од должноста советник на директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија . . . . . 350
224. Решение за назначување советник на директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија . . . . . 350
225. Решение за назначување помошник на министерот за здравство . . . . . 351
226. Наредба за изменување и дополнување на Наредбата за определување на производи и услуги за кои претпријатијата и другите правни и физички лица што вршат дејност се должни да доставуваат известување за цените . . . . . 351
227. Одлука на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 179/99 од 26 јануари 2000 година . . . . . 351
228. Одлука на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 160/99 од 12 јануари 2000 година . . . . . 352
229. Одлука на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 137/99 од 26 јануари 2000 година . . . . . 353
230. Одлука на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 148/99; 208/99 од 19 јануари 2000 година . . . . . 354
231. Одлука на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 162/99 од 19 јануари 2000 година . . . . . 355
232. Решение на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 159/99 од 29 јануари 1999 година . . . . . 356
233. Одлука за избор на претседател на Републичкиот судски совет . . . . . 358
**Објава** за движењето на цените на мало во Република Македонија за месец јануари 2000 година . . . . . 413

**Издавач:** ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
**СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** со целосна одговорност
Скопје, бул. „Партизански одреди" бр. 29.
**Директор и одговорен уредник Марија Лељохин.**
**Телефони 129-036, 117-460. Телефакс 112-267. Пошт. фах 51.**
**Жиро сметка 40100-603-12498. ЕДБ – 4030987108771. Депозитор – Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница „Нова Македонија" – Скопје.**